ООУ „ Вера Циривири - Трена“

# С А М О Е В А Л У А Ц И Ј А
## на ООУ„Вера Циривири-Трена“ во Скопје - Карпош
## за период од 2022-2024 година



02.07.2024г.

| **Самоевалуација на училиштето** | |
|---|---|
| **Училиште** | ООУ„Вера Циривири-Трена“ |
| Адреса | Ул.Руѓер Бошковиќ бр.9 |
| Телефон, е-пошта | 02 3068507 oou.veraciriviri@gmail.com |
| Период на подготовка на СЕУ | 2022-2024 |
| Број на ученици во училиштето | 456 |
| Број на подрачни училишта | / |
| **Училишен директор** | |
| Име и презиме | Светлана Шајноска |
| Потпис | |
| Датум | |
| **Одобрување од УО** | |
| Име и презиме | Олга Тодоровска |
| Потпис | |
| Датум | |

**Подрачје 1: Планирање, настава и учење**

| Индикатори за подрачјето: |
|---|
| 1.1 Планирања на наставниците<br><br>1.2 Наставен процес<br><br>1.3 Искуства на учениците од учењето<br><br>1.4 Оценувањето како дел од наставата<br><br>1.5 Воннаставни активности и натпревари |

**Самоевалуација на училиштето: ООУ** Вера Циривири – Трена **Подрачје 1: Планирање, настава и учење**

| **Собирање податоци** | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 1.1 Планирања на наставниците** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| - Годишни глобални планирања<br>- Тематско- процесни планирања<br>- Интегрирани планирања<br>- Дневни планирања<br>- Материјали од работата на стручните (одделенски) активи<br>- Извештаи од реализирани обуки<br>- Разговори со стручната служба на училиштето<br>- Спроведена анкета | Поддршка и следење на<br><br>планирањата на наставниците | Во однос на оперативните планови (дневните подготовки), истите се унифицирани и ги содржат сите елементи за следење на учениците, како и техники, стратегии, современи методи и форми на работа, рефлексија итн. Оперативниот план за работа на час, како неопходен во наставата, редовно и уредно го водат сите наставници. Во однос на меѓуетничка интеграција во нашето училиште имаме тим (СИТ) кој обезбедува поддршка на наставниците за вградување на целите од образованието за меѓуетничка интеграција и граѓанска вклученост во планирањата на наставниците со цел негување и афирмирање на мултикултурата.<br><br>Инклузивниот тим на училиштето обезбедува поддршка на наставниците за изработка на ИОП и остварува соработка со други релевантни институции.<br><br>Наставниците редовно ги планираат и додатната, дополнителната настава како и воннаставните активности. Дополнително, освен за задолжителните и изборните наставни предмети, наставниците изготвуваат годишно планирање за одделенскиот час, дополнителната и додатна настава. Исто така и планирањата за домашните задачи се надоврзуваат со содржините кои што се обработуваат за време на часовите.<br>Распоредот на часовите се изработува на ниво на училиште каде се внимава на часовите по Физичко и здравствено образование за рационално користење на фискултурната сала.<br>Наставниците од одделенска и предметна настава во текот на учебната година се следени и од стручната служба и директор со посета на часови најмалку два пати во едно полугодие. По посетите, наставниците добиваат усна повратна информација од следењето на наставниот час. За истото се предаваат и оперативни планови (дневни подготовки)<br><br>од посетените часови при што сето тоа се одвива континуирано. |

| | | |
|---|---|---|
| | Размена на искуства и на информации при планирањето | За успешна реализација на воспитно-образовниот процес неопходни се квалитетни планирања од страна на сите наставници, како и нивно имплементирање во процесот на наставата. Во нашето училиште, наставниците, од година во година, се поуспешно и покомплетно ги изработуваат годишните, тематско-процесните и дневните планирања. Тие имаат меѓусебна соработка, со што се потврдува успешната тимската работа и соработката со родителите, како и регионална соработка со други училишта и користат различни искуства од медиуми и друго. При изработка на планирањата има размена на искуства и информации помеѓу наставниците. Стручната служба учествува со свои сугестии во овие активности и дава поддршка на наставниот кадар. Наставниците најчесто тимски и редовно ги изготвуваат годишните глобални планирања и тематските планирања во согласност со наставните планови и програми и во рамките на стручните активи. Планирањата се даваат на увид кај стручната служба и кај директорот на училиштето. |
| **Индикатор 1.2 Наставен процес** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| - Годишни глобални планирања<br>- Е-дневник<br>- Тематско-процесни планирања<br>-Интегрирани планирања<br>- Оперативни односно дневни планирања<br>- Материјали од анкета<br>- Прашалници за ученици, наставници и родители<br>- Планирања за изборни предмети<br>- Извештаи од активности за меѓуетничка интеграција<br>- Записници од тимови за училишна интеграција<br>- Записници од инклузивни тимови | Реализација на наставни<br><br>планови и програми | Наставниот процес се врши континуирано и на различни нивоа.Планирањето на секој наставен предмет е по теми кои се конкретно определени со одреден број на часови кој е различен. Единствено предметот мајчин јазик има подрачја наместо теми. Секоја тема вклучува повеќе содржини и поими чие значење учениците треба да ги научат и да ги реализираат очекуваните резултати. Од содржините во програмите произлегуваат стандардите на оценување, кои се дефинирани како мерливи исходи од учењето. Примерите на активностите за реализација на наставните содржини, се фокусирани на учениците и целосно во функција на реализација на очекуваните резултати од учењето.<br><br>Новата Концепција овозможува Процесно-Развоен пристап во планирањето, што обезбедува наставата да биде прилагодена на потребите и можностите на учениците. Наставникот однапред ја планира реализацијата на сите теми застапени во наставната програма секој предмет /модул и потоа и секоја тема одделно. Постои простор да се менува редоследот на изучување на темите , на бројот на предвидените часови, на изборот на наставните методи, активности и средства кои се предвидени со првичното планирање. Особено во годишното планирање е ставен акцент на самоевалуацијата и на постигање на очекуваните резултати од учењето. Учењето е планирано врз основа на проектни активности, динамична и |

| | | |
|---|---|---|
| | | флексибилна настава, истражувачко и искуствено учење, користење на информатичко – компјутерска технологија во образованието.<br>1 до 6 одделение опфаќа тематско планирање со конретизација на наставата на месечно и неделно ниво. Као што наложува програмата првин се наведени компетенциите опфатени со подрачјето на кое му припаѓа предметот од Националните стадарди. Наставните програми опфаќаат и релевантни компетенции од трансферзалните подрачја на Националните стандарди. Истакнати се очекуваните резулатати од учењето кои укажуваат што треба да се научи при што учењето не се води стриктно од учебник. Активностите , различните стратегии и техники на учење и очекуваните резултати од учењето се меѓусебно условени и произлегуваат и се во функција едни со други.<br>Преку резултатите од учењето, кои треба да се мерливи, на ученикот треба да му биде јасно што се очекува од него и да се стреми да го постигне предвидениот резултат.<br>Во програмата по наставниот предмет македонски јазик, од техниките за читање особено внимание се обрнува на читањето со разбирање. Постои примена на практични, самостојни и сознајни активности, проследени со примена на дидактички средства и ИТК.<br>Месечното планирање е целосно претставено со одредени ЕКО и МИО содржини.<br><br>Од страна на стручната служба и директорот се реализираат посети на часови кај сите наставници во текот на првото и второто полугодие. За посетата на часот се води евидентен лист, а за впечатоците се разговара индивидуално со наставникот На тој начин се подобрува наставниот процес. Наставниците меѓусебно се информираат за отворени часови. Истите се посетуваат со цел размена на искуства и стратегии. Тоа доведува до поставување корелација меѓу содржините од различни наставни предмети, со што се овозможува стекнување повисоко ниво на знаење, способности и вештини кај учениците. Со ова се обезбедува поквалитетна настава и поголеми резултати од работењето. |
| | Избор на наставни предмети | За целта на избор на наставни предмети, училиштето го применува Водичот за слободни изборни предмети во основно образование од 4 до 6 одд кои што следат настава по новата Концепција .Изборот вклучува претходна анализа од спроведен прашалник за првичен интерес на учениците со кои ќе се понудуваат анкети листите за изборните предмети . |
| | Избор на задачи, активности и на ресурси | Одделенските и предметните наставници создаваат продуктивна работна атмосфера и користат современи форми и методи на работа, но и спроведуваат |

| | |
|---|---|
| | редовно ИКТ во наставниот процес. Наставниците се обучени за употреба на ИКТ и нови образовни технологии во наставата и успешно ја реализираат истата.Училиштето располага со доволен број ресурси како за реализација на наставните содржини во одделенска така и за предметна настава. Редовно секоја учебна година се набавуваат ресури. |
| Интеракција меѓу наставниците и учениците и учениците меѓусебно | Во текот на воспитно-образовниот процес, наставниците од предметна и одделенска настава користат најразлични форми и методи на работа. Од страна на психологот, педагогот и дефектологот се реализираат работилници со цел континуирано запознавање со способностите на учениците. Истото се детектира преку активности каде учениците индивидуално и тимски работат, а потоа нивните изработки се анализираат. На тој начин наставникот добива повратна информација и неопходни податоци при формирање на досиејата на учениците.<br><br>Учениците се поттикнувани самостојно да мислат, прашуваат, заклучуваат и да бидат креативни. Оценувањето е секогаш јавно и транспарентно. Согласно спроведените анкети, учениците се изјаснија дека се задоволни од односите на релација наставник - ученик, а исто така задоволни се и од односот на наставниците кон нив во целина. Постои взаемно почитување и толеранција. |
| Реализација на образовна инклузија | Инклузивниот тим во нашето училиште опстојува долг временски период. Тука учат повеќе ученици со посебни потреби кои се активно вклучени во редовната настава. Членовите на тимот, на чело со дефектологот ги вклучуваат во сите активности, програми, настани, МИО работилници кои се организирани во училиштето. На тој начин се поттикнува почитувањето на различностите, а учениците се чувствуваат прифатени од средината. |
| Активности за меѓуетничка интеграција во образованието | Во текот на воспитно - образовниот процес наставниците спроведуваат МИО активности со цел унапредување на мултикултурализмот и меѓуетничката интеграција. Со цел да се унапреди и продлабочи интеркултурализмот планирани и реализирани се заеднички/индивидуални часови и активности со збратимените училишта ООУ„Братство“ и „Јахја Кемал“. Истите резултираа со реализација на повеќе заеднички проекти и креативни работилници преку кои учениците заедно твореа, спортуваа и се дружеа. На тој начин ја градеа взаемната доверба и влијаеја на јакнење на другарството. Планираните активности ќе продолжат и во наредната учебна година. Последователно претходните две учебни години училиштето аплицираше со збартименото училиште„Братство“ ,на пови на МОН за доделување на грант ,на кои и двете години д,училиштето добие гранд од по 30.000 денари. |

| Индикатор 1.3 Искуства на учениците од учењето | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| - Материјали од анкета<br>- Прашалници за ученици, наставници и родители<br>- Увид во ученички досиеја<br>- Увид во евиденцијата на стручната служба<br>- Одделенски дневници<br>- Анкети за изборни предмети<br>- Годишна програма на училиштето<br>- Извештај од секции<br>- Разговори во фокус групи со ученици, родители /старатели и наставници | Средина и атмосфера за учење | Покрај медијатеката опремена со смарт табала , во училиштето имаме и уште четиринаесет смарт табли со цел употреба за примена на новата концепција, како и 18 телевизори кои се употребуваат за ИКТ во наставата. Учениците се задоволни од работната атмосфера, начинот на предавање на наставниците, применетите форми и методи и примената на ИКТ во наставата. Примената на ИКТ во наставата, во голема мера ја олеснува работата на наставниците. Наставата е покреативна со примена на современи техники и стратегии. |
| | Идентификување и задоволување на различните образовни потреби на<br><br>учениците | ЕКО и МИО проектите„,микро бит“ ,Прекот „Стаклена градина“И Напредна биологија за нашата екологија“ каде преку презентација и реализирање на соодветни содржини учениците ги прошируваат своите знаења. Нивната реализација се постигнува преку одделенските заедници, училишната заедница и други форми на здружување, во соработка со наставници, стручна служба и други вработени во училиштето.<br><br>Кај учениците се побуди креативно едукативен интерес каде научија за различностите во религијата како и за сличностите во културата и традицијата. Сфатија колку е важен взаемниот однос на почитување на својата религија и религијата на другите и дека сите без разлика на се и од каде се подеднакво треба да земат учество во активности за зачувување на културата и традицијата.<br><br>Во нашето училиште учениците иницираат и спроведуваат активности со одговорности во училиштето (во и надвор од наставата) и во локалната средина. Токму овие организирани форми како работилници и проекти поттикнуваат и мотивираат соработка меѓу учениците, негува интелектуална комуникација и почитување на различностите. Учениците заеднички соработуваат на различни проекти и работилници, во наставата и надвор од неа, во групи со балансиран хетероген состав. На овој начин учениците се чувствуваат прифатени, задоволни и среќни во своето одделение и во училиштето. Училиштето е опремено и со сензорна соба во која дефектологот ,педагогот и образовните асистенти ја користат доколку налагаат потребите на учениците со посебни потреби,и за ученици кои имаат предизвикувачко однесување. |

| **Индикатор 1.4 Оценувањето како дел од наставата** | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| - Годишна програма за работа на училиштето<br>- Акционен план за оценување<br>- Стандарди за оценување (од БРО)<br>- Е-дневник<br>- Резултати од ДИЦ<br>- Увид во педагошка евиденција и документација<br>- Записници од стручни активи<br>- Инструменти за индивидуали зирани начини за проверка | Училишна политика за оценување | Училиштето ги применува законските прописи со кои е регулирано оценувањето на учениците. Училиштето има изготвена училишна политика за оценување почитувајќи ги критериумите за оценување на постигањата на учениците кои се темелат на стандардите за оценување и Блумовата таксономија .Се почитува и концепцијата за основно образование ,националните стандарди односно компетенциите кои треба да се стекнат и оценат кај учениците.<br>Сите наставници во училиштето изготвуваат годишни планирања за проверка на знаењето на учениците и се придржуваат на упатствата од БРО за дневно планирање, за следење и оценување на учениците. Наставниците ги оценуваат: знаењето, вештините и способностите на учениците.<br><br>Оценувањето на учениците со пречки во развојот се одвива во соработка со инклузивниот тим на училиштето во согласност со целите во индивидуалниот образовен план. |
| | Методи, форми и инструменти за оценување | Наставниците редовно прибираат информации за постигањата на учениците преку примена на чек листи за оценување на постигањата на учениците, наставно ливче, усна повратна информација, портфолија, писмена работа, контролен тест, тестови на знаење на крајот од наставните теми и слично. |
| | Коефициент на континуитет на успехот на учениците | Оцената е сумативна од сите компоненти при што сите наставници применуваат формативно и сумативно оценување. На овој начин нашето училиште овозможува следење на коефициентот на континуитет на успехот на учениците. |
| | Користење на информациите од оценувањето во наставата | Оценувањето на учениците во наставата е јавно и транспарентно. За истото, наставниците имаат докази коишто се сместени во портфолијата на учениците. Наставниците, во дневните планирања, редовно планираат самооценување или соученичко оценување и резултатите од истото се составен дел од рефлексијата за наставниот ден. Преку самооценување и меѓусебно оценување учениците се вклучуваат во оценувањето и им се дава можност да ги согледаат критериумите и да ги подобрат постигањата да ги анализираат сопствените резултати како и критички да се однесуваат кон себе. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Наставниците во нашето училиште редовно даваат повратни информации на учениците за нивните активности и постигања, дискутираат со учениците за нивниот напредок и по потреба ги вклучуваат во додатна или дополнителна настава. |
| **Индикатор 1.5 Воннаставни активности и натпревари** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| - Годишен план и програма на училиштето<br>- Анкетни листови за ученици<br>- Педагошка евиденција и документација<br>- Летописна книга за учество на натпревари, освоени награди и посети на бројни институции, музеи, знаменитости и сл. од страна на учениците<br>- Програма за: дополнителна и додатна настава, и за слободни ученички активности, односно секции<br>- Записници од стручни активи и ученичка заедница<br>- Извештај од реализирани екскурзии<br>- Список на ученици вклучени во воннаставни активности<br>- Акциски план за правата на детето | Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности | Во годишните планирања на наставниците предвидени се најразновидни воннаставни активности, произлезени од потребите и интересите на учениците, со цел да им послужат за поддршка на нивниот личен и социјален развој. Нивниот обем и разновидност зависат од самите планирања на училиштето и од соодветноста на самата програма. Наставниците планираат и реализација на воннаставни активности од страна на родителите според нивната компетенција и професија, и нивнаата реализација ја објавуваме на училишната фб страна . |
| | Опфатеност на учениците од различен пол и јазик на наставата со воннаставните активности | Училиштето обезбедува услови за реализација на планираните воннаставни активности како: еко активности,хуманитарни акции,спортски игри со родителите и учениците ,екскурзии, посета на музеи, посета на институции, театри, кино и слично и ги вклучува сите ученици без оглед на нивната полова, верска, национална и социо - економска припадност. |
| | Вклученост на учениците во изборот и во планирањето на работата во воннаставните активности | Учениците и родителите се запознаваат со воннаставните активности и слободните ученички активности коишто се реализираат во нашето училиште, на почетокот на секоја учебна година и земаат активно учество во истите.На состанок на Совет на родители ,директорот ги презентира планираните воннаставни активности. Според нивното искажување преку анкетите, учеството во овие активности им овозможува поквалитетно да учат и им се од голема корист при совладувањето на наставните содржини по одделни предмети.<br><br>Учеството на учениците на разни училишни и вонучилишни конкурси, натпревари, изложби, квизови, манифестации од различен вид, се реализира во соработка со наставниците и стручната служба, како и со родителите, и придонесува за афирмација на самите ученици, а преку нив и на училиштето.<br>Изборот за учество во овие активности е личен избор на самиот ученик, а тоа позитивно влијае на сите ученици воопшто. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Учебната 2023/2024 година беше реализиран проектот „Водно во Карпош, Карпош на Водно„ во склоп на Креативен Центар Карпош каде нашите ученици беа активни во текот на сите активности. Се реализираа бројни активности во склоп на проектот во кои се вршеа истражувања на загаденост на воздухот и почвата, како и флората и фауната на планината Водно.<br>100 ученици од училиштето активно членуваат во Училишниот спортски клуб преку спортските активности-фудбал,одбојка и моторички вежби.Оваа Боннаставна активност има големо влијание за правилен раст и развој на нашите ученици. Спортскиот клуб го во водат два наставника.(предметен наставник по физичко и здравствено образование и одделенски наставник. Учебната 2022/2023 година нашето училиште доби идентификационен број од Националната Агенција за европски образовни програми и мобилност со кој што училиштето стана активен член за понатамошно Еразмус партнерство.Народна банка ни ја одобрија училишната корисничка сметка со цел можност за подготовка и апликација на проект. Тимот од наставници се во активност за изнаогање партнерство со повеќе активни Еразмус проекти |

Натпревари

| Наставен предмет | Број на освоени награди | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | На меѓународно ниво | | | На републичко ниво | | | На градско ниво | | | На општинско ниво | | | На училишно ниво | | |
| | I | II | III | I | II | III | I | II | III | I | II | III | I | II | III |
| Математика. | 1 | 2 | 4 | 1 | 1 | / | 3 | 2 | 3 | 4 | 4 | 10 | / | / | / |
| Лик.образ. | 2 | 2 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 4 | 1 | 1 |
| Англиски јазик | / | 1 | / | / | / | / | 2 | 2 | 1 | / | 4 | / | 1 | / | 2 |
| Природни науки | / | / | / | 1 | 1 | / | 2 | 6 | 12 | 7 | 8 | 5 | / | / | / |
| Македонски јазик | 1 | / | / | / | / | / | 4 | 4 | 3 | / | / | | 3 | / | / |
| Хемија | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 1 | 2 | / | / | / |
| Биологија | / | / | / | 1 | 1 | 1 | 1 | 3 | 3 | 1 | 4 | 1 | / | / | / |
| Вкупно | 4 | 5 | 4 | 3 | 3 | 1 | 12 | 17 | 22 | 12 | 21 | 18 | 8 | 1 | 3 |

Освоени 134 награди во текот на учебната 2022/2023г

| Наставен предмет | Број на освоени награди | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | На меѓународно ниво | | | На републичко ниво | | | На градско ниво | | | На општинско ниво | | | На училишно ниво | | |
| | I | II | III | I | II | III | I | II | III | I | II | III | I | II | III |
| Природни науки | / | / | / | | 1 | 2 | 3 | 2 | 7 | 1 | 6 | 3 | / | / | / |
| Математика | 3 | 2 | 3 | 1 | / | 3 | 5 | 1 | / | 2 | 4 | 2 | / | / | / |
| Мак едонски јазик | / | / | / | 1 | / | 1 | / | 3 | 1 | 1 | 1 | 1 | / | / | / |
| Биологија | / | / | / | 3 | 1 | 1 | 3 | 3 | 9 | 2 | 5 | 7 | / | / | / |
| Англиски јазик | 1 | 1 | 1 | / | 2 | / | / | 3 | 1 | 1 | 2 | 1 | / | / | / |
| Ликовно образование | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 1 | / | / | / | / | / |
| Информатика | / | / | / | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Хемија | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 2 | / | / | / | / | / |
| ПХВ | / | / | / | / | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Вкупно | 4 | 3 | 4 | 6 | 5 | 7 | 11 | 12 | 18 | 10 | 18 | 14 | 0 | 0 | 0 |

Вкупно на ниво во учебна 2023/2024 година има 112 награди.

| | | |
|---|---|---|
| | | Поради континуирано одличен успех на државните натпревари, двајца од нашите ученици од 9то одделение се повикани за селекција и формирање македонски тим за учество на Меѓународната јуниорска олимпијада по Природни науки 2-24 (IJSO 2024). |

Во текот на учебната 2023/24 година спроведена е анкета за учениците на прашањата:

**1. На часовите имам можност да учам на различни начини (на пр. преку проекти, преку игра, преку истражување и сл.)**
Од вкупно 100 испитаници, 55 одговориле „Целосно се согласувам (55%), 36 „Се согласувам (36%),6 „Не се согласувам“ и 3 „Не знам„

**2. Сам/а ги имам избрано слободните изборни активности и предмети во кои учествувам, според моите интереси.**
Од вкупно 100 испитаници, 37 одговориле „ Целосно се согласувам ,(37%) 39 „Се согласувам, (39%), 14 „Не се согласувам“, 3 „Воопшто не се согласувам„ и 3 „Не знам„.

**3. На часовите користиме различни материјали и извори за учење (на пр. енциклопедии, списанија, интернет, модели)**
Од вкупно 100 испитаници, 46 одговориле „ Целосно се согласувам, (46%) 42 „Се согласувам(42%), 8 „Не се согласувам“, 3 „Воопшто не се согласувам„ и 2 „Не знам„.

**4. Наставниците ја прават содржината од предметите интересна.**
Од вкупно 100 испитаници, 65 одговориле „ Целосно се согласувам( 65%),25 „Се согласувам (25%), 11 „Не се согласувам“, (11%) „ 9 Воопшто не се согласувам„(9%) и „ 2 Не знам„.(2%)

**5. На најголем број од часовите, сите ученици сме активно вклучени во наставата (поставуваме, прашања, дискутираме, работиме во групи).**
Од вкупно 100 испитаници, 59 одговориле „ Целосно се согласувам (59%) 23 „Се согласувам„,(23%) 12 „Не се согласувам“,(12%) 3 „Воопшто не се согласувам„ и 2 „Не знам„.

**6. Наставниците ме поддржуваат и мотивираат да учествувам на различни натпревари.**
Од вкупно 100 испитаници, 45 одговориле „ Целосно се согласувам„(45%), 32 „Се согласувам„(32%), 7 „Не се согласувам“,(7%) 4 „Воопшто не се согласувам„(4%) и 2 „Не знам„.(2%)

**7. Наставниците ме поддржуваат и мотивираат да учествувам во различни проекти**
Од вкупно 100 испитаници, 59 одговориле „ Целосно се согласувам„(59%), 31 „Се согласувам„(31%), 8 „Не се согласувам„(8%) и 2 „Не знам„.(2%)

**8. Наставниците однапред ни објаснуваат што треба да знаеме за секоја оцена.**
Од вкупно 100 испитаници, 59 одговориле „ Целосно се согласувам„(59%), 34 „Се согласувам„(34%), 5 „Не се согласувам„(5%) и 2 „Не знам„(2%).

**9. Наставниците ми објаснуваат зошто сум добил/а одредена оцена.**
Од вкупно 100 испитаници, 51 одговориле „ Целосно се согласувам„(51%)41 „Се согласувам„(41%), 5 „Не се согласувам“,(5%) 1„Воопшто не се согласувам„(1%) и 3 „Не знам„.

**10. Оценувањето на сите ученици е праведно.**
Од вкупно 100 испитаници, 38 одговориле „ Целосно се согласувам„(38%), 28 „Се согласувам„(28%), 15 „Не се согласувам“(15%), 4 „Воопшто не се согласувам„(4%) и 5 „Не знам„(5%).

**11. Наставниците редовно ме известуваат за моите постигнувања и начините за нивно подобрување.**
Од вкупно 100 испитаници, 44 одговориле „ Целосно се согласувам(44%)„, 46 „Се согласувам(46%)„, 8 „Не се согласувам“(8 %)и 2 „Не знам„.

**12. Наставниците користат различни начини за проверка на моите знаења (усна проверка, тестови, наставни листови и сл.).**
Од вкупно 100 испитаници, 81 одговориле „ Целосно се согласувам„,(81%) 18 „Се согласувам„ (18%)и 1 „Не знам„.

**13. Наставниците ме пофалуваат за мојот труд.**
Од вкупно 100 испитаници, 42 одговориле „ Целосно се согласувам„(42%), 48 „Се согласувам„(48%), 5 „Не се согласувам“, (5%)3 „Воопшто не се согласувам„(3%) и 1 „Не знам„.(1%)

**14. Наставниците ме пофалуваат за моите резултати**

Од вкупно 100 испитаници, 44 одговориле „ Целосно се согласувам(44%)„, 48 „Се согласувам„,(48%) 5 „Не се согласувам“, (5%) 1Воопшто не се согласувам„ (1%) 2 „Не знам(2%).

**15. Ако не знам нешто на часовите, можам слободно да ги прашам наставниците**

Од вкупно 100 испитаници, 54 одговориле „ Целосно се согласувам„(54%), 36 „Се согласувам„,(36%) 7 „Не се согласувам“ (‘%)и 3 „Не знам„(3%).

**16. На часовите можам слободно да кажам што мислам.**

Од вкупно 100 испитаници, 41 одговориле „ Целосно се согласувам,(41%) 42 „Се согласувам(42%)„, 11 „Не се согласувам“(11%), 2 „Воопшто не се согласувам„ (2%)и 4 „Не знам(4%)

**17. Во училиштето имам избор на различни воннаставни активности (на пр. клубови, проекти, акции)**

Од вкупно 100 испитаници, 57 одговориле „ Целосно се согласувам„ (57%)34 „Се согласувам„(34%), 5 „Не се согласувам“(5%), 1 „Воопшто не се согласувам„(1%) и 3 „Не знам„.(3%)

**18. Се вклучувам во воннаставните активности по мој избор.**

Од вкупно 100 испитаници, 43 одговориле „ Целосно се согласувам„(43%), 47 „Се согласувам„(47%), 6 „Не се согласувам“,(6%) 1 „Воопшто не се согласувам„(1%) и 3 „Не знам„(3%).

**19. Наставниците ме вклучуваат во подготвувањето и планирањето на воннаставните активности.**

Од вкупно 100 испитаници, 45 одговориле „ Целосно се согласувам„,(45%) 42 „Се согласувам(42%)„, 6 „Не се согласувам“(6%), 3 „Воопшто не се согласувам„(3%) и 4 „Не знам„.(4%)

**20. Сум бил/а вклучен/а во активности заедно со ученици од други култури (од моето или од друго училиште)**

Од вкупно 100 испитаници, 46 одговориле „ Целосно се согласувам„(46%), 22 „Се согласува(22%), 9 „Не се согласувам“, (9%)4 „Воопшто не се согласувам„(4%) и 19 „Не знам„.(19%)



Во текот на учебната 2023/24 година спроведена е анкета за родители/старатели на прашањата:

**1. Во текот на учебната година, моето дете ги има сите наставни часови, согласно распоредот**

Од вкупно 112 испитаници, 48 одговориле „Целосно се согласувам„ (42,86%), 54 „Се согласувам„(48,21%), 8 „Не се согласувам“ и 2 „Воопшто не се согласувам„.

**2. Запознаен/а сум со листата на изборни / слободни изборни предмети и активности**

Од вкупно 112 испитаници, 90 одговориле „Целосно се согласувам„ (80,36%),, 11 „Се согласувам„(9,82%),, 6 „Не се согласувам“ и 5 „Воопшто не се согласувам„

**3. Изборните предмети / активности кои ги посетува моето дете ги има избрано согласно своите интереси**

Од вкупно 112 испитаници, 80 одговориле „Целосно се согласувам„(71,43%),, 29 „Се согласувам„(25,89%),, 5 „Не се согласувам“ и 0 „Воопшто не се согласувам„.

**4. Наставниците ги прилагодуваат задачите и активностите на индивидуалните потреби на моето дете**

Од вкупно 112 испитаници, 24 одговориле „Целосно се согласувам„(21,43%),, 72 „Се согласувам„(64,29%),, 10 „Не се согласувам“ и 6 „Воопшто не се согласувам„.

**5. Моето дете слободно може да се изрази за време на часовите**

Од вкупно 112 испитаници, 80 одговориле „Целосно се согласувам„(71,43%), 19 „Се согласувам„(16,96%), 6 „Не се согласувам“, 5 „Воопшто не се согласувам„ и 2 „Не знам„.

**6. На моето дете повеќето часови му се интересни.**

Од вкупно 112 испитаници, 25 одговориле „Целосно се согласувам„(22,32%), 74 „Се согласувам„(66,07%), 10 „Не се согласувам“ и 3 „Воопшто не се согласувам„.

**7. Моето дете било вклучено во активност/и реализирана со ученици кои учат на различни јазици**

Од вкупно 112 испитаници, 15 одговориле „Целосно се согласувам„(13,39%), 49 „Се согласувам„(43,75%),, 31 „Не се согласувам“, 12 „Воопшто не се согласувам„ и 5 „Не знам„.

**8. Училиштето го чувствувам како безбедна средина за моето дете**

Од вкупно 112 испитаници, 84 одговориле „Целосно се согласувам„(75%),, 20 „Се согласувам„(17,86%), и 8 „Не се согласувам„.

**9. Училиштето го чувствувам како мотивирачка средина за моето дете**

Од вкупно 112 испитаници, 62 одговориле „Целосно се согласувам„(55,36%),, 36 „Се согласувам„(32,14%),, 12 „Не се согласувам“ и 2 „Воопшто не се согласувам„.

**10. Моето дете во училиштето има пристап до различни материјали за учење (на пр. енциклопедии, списанија, интернет, модели)**

Од вкупно 112 испитаници, 72 одговориле „Целосно се согласувам„(64,29%),, 36 „Се согласувам„(32,14%),, 2 „Не се согласувам“ и 2 „Воопшто не се согласувам„.

**11. Наставниците го пофалуваат моето дете за постигнатите резултати**

Од вкупно 112 испитаници, 23 одговориле „Целосно се согласувам„(20,54%),, 65 „Се согласувам“(58,04%), 19 „Не се согласувам“ и 5 „Воопшто не се согласувам„

**12. Наставниците го пофалуваат моето дете за вложениот труд**

Од вкупно 112 испитаници, 56 одговориле „ Целосно се согласувам„(50%),, 47 „Се согласувам„(41,96%),, 5 „Не се согласувам“ и 4 „Воопшто не се согласувам„.

**13. Наставниците му даваат насоки на моето дете како подобро да учи**

Од вкупно 112 испитаници, 39 одговориле „ Целосно се согласувам„(34,82%),, 52 „Се согласувам„(46,43%), 12 „Не се согласувам“ и 9 „Воопшто не се согласувам„.

**14. Редовно сум известен/а за постигнувањата на моето дете на училиште (не само на полугодие и крај на година)**

Од вкупно 112 испитаници, 88 одговориле „ Целосно се согласувам„(78,57%), 17 „Се согласувам„(15,17%) и 7 „Не се согласувам“.

**15. Ги користам можностите да разговарам со наставниците за постигањата на моето дете**

Од вкупно 112 испитаници, 53 одговориле „ Целосно се согласувам„(47,32%),, 49 „Се согласувам„(43,75%),, 4 „Не се согласувам““, 4 „Воопшто не се согласувам„ и 1 „Не знам„.

**16. Наставниците ме запознаваат со критериумите за оценување по нивниот предмет**

Од вкупно 112 испитаници, 63 одговориле „ Целосно се согласувам„(56,25%),, 26 „Се согласувам„(23,21%),, 12 „Не се согласувам“, 6 „Воопшто не се согласувам„ и 5 „Не знам„.

**17. Училиштето нуди избор на различни вonнаставни активности (клубови, проекти и сл.)**

Од вкупно 112 испитаници, 52 одговориле „ Целосно се согласувам„(46,43%),, 56 „Се согласувам„(50%),, 3 „Не се согласувам“ и 1 „Воопшто не се согласувам„.

**18. Моето дете е вклучено во воннаставни активности, според сопствениот интерес**

Од вкупно 112 испитаници, 67 одговориле „ Целосно се согласувам„(59,82%),, 28 „Се согласувам„(25%),, 12 „Не се согласувам“ и 5 „Воопшто не се согласувам„.




## Подрачје 1: Планирање, настава и учење

| **Опис/резиме на подрачјето**<br><br>Подрачјето го опфаќа планирањето и реализацијата на наставните планови и програми,оценувањето како дел од наставниот процес . Опишана е и постапката за избор на слободните изборни предмети како и интеракцијата меѓу наставниците ,учениците и учениците меѓусебно .Атмосферата за учење како битна алка во воспитно-образовниот процес како и идентификација и задоволувањето на различните потреби на учениците. Бклученоста на учениците во воннаставните активности како и освоените награди од учество во натпреварите. |
|---|
| **Силни страни**<br><br>- Се дозволува наставникот да биде креатор на наставата во генерциите каде се реализира новата концепција<br>- Училиштето во целост го поддржува и помага осовременувањето на квалитетот за реализација на наставните планови и програми од страна на наставниците;<br>- Опфатеност и успешно работење (многубројни награди и постигнати резултати) во воннаставните активности<br>- - Примена на повеќе техники, стратегии и инструменти за оценување и самооценување;<br>- Наставниците ги поттикнуваат учениците самостојно и критички да размислуваат, соработуваат и решаваат проблеми;<br>- За потребите на учениците со посебни потреби, имаме опремено сензорна соба;<br>- За задоволување на интересите на учениците креирани се и училници на отворено, а за оние кои покажуваат афинитет кон истражувачката работа ја имаме Стаклената градина;<br>- За учениците кои покажуваат особен афинитет и способности кон спортските активности имаме Спортски клуб;<br>- Континуирана вклученост на родителите во воннаставните активности<br>- Учениците, училиштето го доживуваат како стимулирачка и мотивирачка средина која поттикнува интерес за учење; |

| |
|---|
| - Училиштето спроведува специфични воннаставни активности по кои е препознатливо во средината – Стаклена градина, проект Водно во Карпош, Карпош на Водно (истражување за загадувањето),<br>- Училиштето има училишен Новинарски клуб, Училишен весник |
| **Слаби страни**<br><br>**-** Наставните програми се преобемни;<br>- Нема учебници за прв и втор странски јазик во одделенска и предметна настава географија и историја. |
| **Приоритети**<br><br>Поголема самоиницијативност за вклучување во воннаставни активности на учениците за општокорисна работа.<br><br>Охрабрување и поддршлка на учениците за поголемо учество во натпревари. |

Подрачје 2: Постигања на учениците

| **Индикатори за подрачјето:** |
|---|
| **2.1 Постигања на учениците**<br>**2.2 Мерки за подобрување на постигањата** |

**Самоевалуација на училиштето: ООУ Вера Циривири - Трена Подрачје 2: Постигања на учениците**

<table>
<tr><td colspan="3">Индикатор 2.1 Постигања на учениците</td></tr>
<tr><td>Извори на податоци</td><td>Теми по индикатори</td><td>Информации кои се собрани</td></tr>
<tr><td>- Дневниците од сите паралелки<br>- Извештаи од Одделенски и Наставнички совети<br>Табеларен приказ за национален состав<br>- Табеларни прикази на постигнат успех на крајот на од учебната година<br>- Анкетен прашалник за ученици ,<br>-Досие на секој наставник<br>Добиени резултати од ПО достапни кај дефектолог</td><td>Следење на постигањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациски периоди</td><td>Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците по сите наставни предмети за сите квалификациони периоди на учениците. Од прво до трето одделение оценувањето е описно, учениците од четврто до шесто во текот на годината описно, на крајот на учебната година бројчано, додека учениците од седмо до деветто одделение бројчано се оценети.<br>Во учебната 2022/23 и 2023/24 направени се споредби на средниот успех, поведението и изостаноците. Постигањата според полот се следат врз основа на позитивни/негативни оцени, одлични, многу добри, добри, доволни.<br>Наставата во нашто училиште се изведува на македонски јазик , но во однос на етничката припадност во нашето училиште освен Македонци има Бошњаци, Турци, Срби и други, констатираме дека етничката припадност не се појавува како варијабла кај постигањата на учениците по наставни предмети, но средниот успех на учениците се проследува и според етничката припадност.<br>Етничка припадност 2022/23<br>(табеларен приказ)
<table>
<tr><th colspan="2">Успех по националност</th><th>Македонци</th><th>Срби</th><th>Турци</th><th>Бошњаци</th><th>Други</th></tr>
<tr><td rowspan="2">Одлични</td><td>машки</td><td>180</td><td>2</td><td>0</td><td>0</td><td>5</td></tr>
<tr><td>женски</td><td>202</td><td>1</td><td>2</td><td>1</td><td>2</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Мн. добри</td><td>машки</td><td>15</td><td>0</td><td>0</td><td>0</td><td>0</td></tr>
<tr><td>женски</td><td>10</td><td>0</td><td>0</td><td>0</td><td>0</td></tr>
</table>
</td></tr>
</table>




Успех по етничка припадност 2023/24година (табеларен приказ)

| одд I до III | I ниво | | | | II ниво | | | | III ниво | | | | вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | машки | | женски | | машки | | женски | | машки | | женски | | | |
| | бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | % |
| македонци | 62 | 42.18 | 67 | 45.58 | 10 | 6.80 | 2 | 1.36 | 4 | 2.72 | 2 | 1.36 | 147 | 100 |
| албанци | | #DIV/0! | | #DIV/0! | | #DIV/0! | | #DIV/0! | | #DIV/0! | | #DIV/0! | 0 | #DIV/0! |
| срби | | 0.00 | | 0.00 | 1 | 100.00 | | 0.00 | | 0.00 | | 0.00 | 1 | 100 |
| турци | | 0.00 | 1 | 50.00 | 1 | 50.00 | | 0.00 | | 0.00 | | 0.00 | 2 | 100 |
| бошњаци | 1 | 100.00 | | 0.00 | | 0.00 | | 0.00 | | 0.00 | | 0.00 | 1 | 100 |
| роми | | 0.00 | 1 | 100.00 | | 0.00 | | 0.00 | | 0.00 | | 0.00 | 1 | 100 |
| други | | 0.00 | 5 | 100.00 | | 0.00 | | 0.00 | | 0.00 | | 0.00 | 5 | 100 |
| вкупно | 63 | 40.13 | 74 | 47.13 | 12 | 7.64 | 2 | 1.27 | 4 | 2.55 | 2 | 1.27 | 157 | 100 |




| IV-IX одд | одлични | | | | многу добри | | | | добри | | | | вупно | | Со 1 неативна | | Со 3 и повеќе | | Среден успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | машки | | женски | | машки | | женски | | машки | | женски | | | | | | | | |
| | бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр | % | бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | % | |
| македонци | 104 | 36.88 | 131 | 46.45 | 17 | 6.03 | 15 | 5.32 | 12 | 4.26 | 3 | 1.06 | 282 | 100 | | | | | 4.78 |
| албанци | | #DIV/0! | | #DIV/0! | | #DIV/0! | | #DIV/0! | | #DIV/0! | | #DIV/0! | | #DIV/0! | | | | | #DIV/0! |
| срби | 2 | 40.00 | 2 | 40.00 | 1 | 20.00 | | 0.00 | | 0.00 | | 0.00 | 5 | 100 | | | | | 4.80 |
| турци | 1 | 25.00 | 2 | 50.00 | | 0.00 | 1 | 25.00 | | 0.00 | | 0.00 | 4 | 100 | | | | | 4.75 |
| бошњаци | | | 1 | 100.00 | | 0.00 | | | | 0.00 | | 0.00 | 1 | 100 | | | | | 5.00 |
| роми | | #DIV/0! | | #DIV/0! | | #DIV/0! | | #DIV/0! | | #DIV/0! | | #DIV/0! | | #DIV/0! | | | | | #DIV/0! |
| друго | 4 | 57.14 | 3 | 42.86 | | 0.00 | | 0.00 | | 0.00 | | 0.00 | 7 | 100 | | | | | 5.00 |
| вкупно | 111 | 37.12 | 139 | 46.49 | 18 | 6.02 | 16 | 5.35 | 12 | 4.01 | 3 | 1.00 | 299 | 100 | | | | | 4.79 |



| Наставни предмети | Среден успех 2022-23г |
|---|---|
| Македонски јазик | **4.75** |
| Англиски јазик | **4.86** |
| Француски јазик | **4.64** |
| Германски јазик | **4.61** |
| Физика | **4.46** |
| Математика | **4.50** |
| Географија | **4.80** |
| Хемија | **4.76** |
| Биологија | **4.81** |
| Информатика | **4.77** |
| Природни науки | **4.92** |
| Историја | **4.73** |
| Историја и општество | **4.69** |
| Граѓанско образ. | **5.00** |
| Етика | **4.97** |
| Иновации | **5.00** |
| Ликовно образование | **5.00** |
| Музичко образование | **4.96** |
| Физичко образование | **5.00** |
| Техничко образ. | **5.00** |
| Класична култура | **5.00** |
| Нашата татковина | **5.00** |
| Проекти од ликовната уметност | **5.00** |
| Вештини за живеење | **5.00** |

| Наставни предмет | среден успех 2023-24г |
|---|---|
| Македонски јаз. | **4.66** |
| Англиски јазик | **4.78** |
| Математика | **4.48** |
| Германски јаз. | **4.63** |
| Граѓанско образ. | **5.00** |
| Лик.образ. | **5.00** |
| Музичко образ. | **4.93** |
| Физичко образ. | **4.99** |
| Биологија | **4.60** |
| Географија | **4.72** |
| Историја | **4.68** |
| Физика | **4.40** |
| Хемија | **4.60** |
| Иновации | **5.00** |
| Нашата татков. | **5.00** |
| Информатика | **4.39** |
| Техничко образ и инфо | **4.98** |
| Природни науки | **4.86** |
| Етика | **4.52** |
| Француски јаз. | **4.62** |
| Вештини за жив. | **5.00** |
| Историја и општество | **4.76** |
| Шах | **5.00** |
| Имам права | **5.00** |
| Игри за разреш. конф | **5.00** |
| Мултикултурни работ. | **5.00** |
| | |


Среден успех 2022-23г
5.1
5
4.9
4.8
4.7
4.6
4.5
4.4
4.3
4.2
4.1
Македонски јазик
Англиски јазик
Француски јазик
Германски јазик
Физика
Математика
Географија
Хемија
Биологија
Информатика
Природни науки
Историја
Историја и општество
Граѓанско образ.
Етика
Иновации
Ликовно…
Музичко…
Физичко…
Техничко образ.
Класична култура
Нашата татковина
Проекти од…
Вештини за живеење


Среден успех 2023-24г
6
5
4
3
2
1
0
Наставни предмет
Македонски јаз.
Англиски јазик
Математика
Германски јаз.
Граѓанско образ.
Лик.образ.
Музичко образ.
Физичко образ.
Биологија
Географија
Историја
Физика
Хемија
Иновации
Нашата татков.
Информатика
Техничко образ и…
Природни науки
Етика
Француски јаз.
Вештини за жив.
Историја и општество
Шах
Имам права
Игри за разреш. конф
Мултикултурни…
Вкупно

Во текот на учебната 2022/23 и 2023/2024 година спроведена е анкета за учениците:

| | Целосно се согласувам | Се согласувам | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам | Не знам/ Немам информација |
|---|---|---|---|---|---|
| 2.1.Моите родители и старатели се постојано известувани за мојот напредок на училиште | 58 | 30 | 8 | 1 | 3 |
| 2.2.Наставниците постојано ме поттикнуваат на подобрување на мојот успех | 49 | 21 | 8 | 0 | 1 |
| 2.3Доколку не можам да го совладам материјалот,на мое барање, наставниците ми организираат дополнителна настава | 34 | 40 | 6 | 5 | 8 |
| 2.4Доколку не можам да го совладам материјалот наставниците се обидуваат да ми го разјаснат на различни начини | 55 | 35 | 10 | 3 | 2 |
| 2.5 Доколку по некој предмет сакам да научам повеќе од предвиденото на часовите,наставниците ми нудат додатни часови | 28 | 25 | 20 | 9 | 12 |




| | Целосно се согласувам | Се согласувам | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам | Не знам/ Немам информација |
|---|---|---|---|---|---|
| 2.1.Моите родители и старатели се постојано известувани за мојот напредок на училиште | 58 | 30 | 8 | 1 | 3 |




Според анкетата по првото прашање 88% од учениците се изјасниле дека нивните родители/старатели се постојано известувани за успехот и напредокот.

| | Целосно се согласувам | Се согласувам | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам | Не знам/Немам информација |
|---|---|---|---|---|---|
| 2.2.Наставниците постојано ме поттикнуваат на подобрување на мојот успех | 64 | 27 | 8 | 0 | 1 |




Според анкетата по второто прашање 91% од учениците се изјасниле дека наставниците постојано ги поттикнуваат за подобрување на успехот.

| | Целосно се согласувам | Се согласувам | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам | Не знам/ Немам информација |
|---|---|---|---|---|---|
| 2.3Доколку не можам да го совладам материјалот,на мое барање,наставниците ми организираат дополнителна настава | 39 | 42 | 6 | 5 | 8 |




Според анкетата по третото прашање 81% од учениците се изјасниле дека наставниците редовно организираат дополнителна настава.

| | Целосно се согласувам | Се согласувам | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам | Не знам/Немам информација |
|---|---|---|---|---|---|
| 2.4Доколку не можам да го совладам материјалот наставниците се обидуваат да ми го разјаснат на различни начини | 59 | 37 | 10 | 3 | 2 |




Според анкетата по четвртото прашање 96% од учениците се изјасниле дека наставниците се обидуваат на различни начини да го појаснат материјалот доколку ученикот има потешкотии да го разбере.

| | Целосно се согласувам | Се согласувам | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам | Не знам/ Немам информација |
|---|---|---|---|---|---|

| 2.5 Доколку по некој предмет сакам да научам повеќе од предвиденото на часовите,наставниците ми нудат додатни часови | 32 | 27 | 20 | 9 | 12 |
|---|---|---|---|---|---|




Според анкетата по петтото прашање 59% од учениците се изјасниле дека наставниците редовно ја реализираат додатната настава.

Анкетирени беа 112 родители од вкупно 456 ученици од 1 до 9 одделение што е приближно 25%.

| | Целосно се согласувам | Се согласувам | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам | Не знам/Немам информација |
|---|---|---|---|---|---|
| 2.1.Моите родители и старатели се постојано известувани за мојот напредок на училиште | 58 | 30 | 8 | 1 | 3 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 2.2.Наставниците постојано ме поттикнуваат на подобрување на мојот успех | 49 | 21 | 8 | 0 | 1 |
| 2.3Доколку не можам да го совладам материјалот,на мое барање,наставниците ми организираат дополнителна настава | 34 | 40 | 6 | 5 | 8 |
| 2.4Доколку не можам да го совладам материјалот наставниците се обидуваат да ми го разјаснат на различни начини | 55 | 35 | 10 | 3 | 2 |
| 2.5 Доколку по некој предмет сакам да научам повеќе од предвиденото на часовите,наставниците ми нудат додатни часови | 28 | 25 | 20 | 9 | 12 |

| Анкета за родители/ старатели | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Целосно се согласувам | Се согласувам | Не се согласувам | Целосно не се согласувам | Не знам/ немам информација |
| 2.1Од училиштето добивам добри совети за подобрување на успехот на моето дете | 50 | 40 | 20 | 1 | 1 |




Според анкетата по првото прашање 80% од родителите се изјасниле дека се задоволни од советите кои ги добиваат за подобрување на успехот на учениците.

| Анкета за родители/ старатели | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Целосно се согласувам | Се согласувам | Не се согласувам | Целосно не се согласувам | Не знам/ немам информација |
| 2.2 Од училиштето добивам добри совети за подобрување на однесувањето на моето дете | 59 | 39 | 13 | 1 | 0 |




Според анкетата по второто прашање 87,5% од родителите се изјасниле дека се задоволни од советите кои ги добиваат за подобрување на однесувањето на учениците.

| Анкета за родители/ старатели | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Целосно се согласувам | Се согласувам | Не се согласувам | Целосно не се согласувам | Не знам/ немам информација |
| 2.3 Континуирано сум информиран/а за редовноста на моето дете | 77 | 32 | 3 | 0 | 0 |




Според анкетата по третото прашање 97,3% од родителите се изјасниле дека се навремено информирани за редовноста на своето дете.

| Анкета за родители/ старатели | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Целосно се согласувам | Се согласувам | Не се согласувам | Целосно не се согласувам | Не знам/ немам информација |
| 2.4 На моето дете во училиштето му е овозможено дополнитена и додатна настава , доколку има потреба од тоа | 74 | 24 | 6 | 2 | 3 |




Според анкетата по четвртото прашање 90% од родителите се изјасниле дека на учениците им е овозможена дополнителна и додатна настава.

| | |
|---|---|
| Резултати од екстерни тестирања | //////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////// |

| | | |
|---|---|---|
| | Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со попреченост | Од учебната 2022/23 и 2023/24 година стручниот тим е надополнет со образовни асистенти ангажирани од ОУРЦ"д-р Залатан Сремец,,. Учениците со потешкотии во учењето, а и оние со посебни образовни потреби, најпрво се идентификуваат при опсервацијата за време на уписот во прво одделение (прашалници во кои родителот сам укажува на проблеми со детето, мислења од Заводот за ментално здравје, Комисија за функционална проценка лекарска потврда), а доколку подоцна се воочи проблем, се разговара со наставникот, ученикот и родителот и се консултираат компетентни институции. Постигањата на децата во овој случај се вреднуваат согласно индивидуалниот оперативен план и целите во диференцираниот пристап. Се поттикнува инивидуален напредок според личните способности и во однос на самиот себе, без споредување на едно дете со друго.<br>Според интервју со дефектологот во нашето училиште има 13 ученици со потешкотии во наставата ( со наод и мислење).<br>Во полето на образованието за учениците кои имаат потешкотии во реализирањето и совладувањето на редовната програма, дефектолог заедно со наставниците и родителите изготвуваат индивидуална образовна програма (ИОП) се со цел да се олесни образовниот процес кај оваа категорија на деца. Работата на овие ученици се следи преку листа за евалуација, контролни тестови, опсервација. Резултатите од постигнувањата на овие ученици се сумирани преку евалуациона листа во која се запишани реализираните цели во ИОП.<br>Со цел да се потикнат и афирмираат надарените ученици, училиштето е во постојана комуникација и соработка со родителите и институциите од Локалната средина. Наставниците умеат да препознаат надарени ученици применувајќи ја интерната постапка за проценка на надареност преку која сумираат различни видови податоци кои ги добиваат од неколку различни извори.Понатаму надарените ученици подлежат на тестирање со психолошки мерни инструменти. ,и земаат учество на натпревари и конкурси, како на општинско, регионално и државно, така и на меѓународно ниво. |

## Освоени награди во текот на учебната 2022/2023г

| Наставен предмет | Број на освоени награди | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | На меѓународно ниво | | | На републичко ниво | | | На градско ниво | | | На општинско ниво | | | На училишно ниво | | |
| | I | II | III | I | II | III | I | II | III | I | II | III | I | II | III |
| Математика. | 1 | 2 | 4 | 1 | 1 | / | 3 | 2 | 3 | 4 | 4 | 10 | / | / | / |
| Лик.образ. | 2 | 2 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 4 | 1 | 1 |
| Англиски јазик | / | 1 | / | / | / | / | 2 | 2 | 1 | / | 4 | / | 1 | / | 2 |
| Природни науки | / | / | / | 1 | 1 | / | 2 | 6 | 12 | 7 | 8 | 5 | / | / | / |
| Македонски јазик | 1 | / | / | / | / | / | 4 | 4 | 3 | / | / | | 3 | / | / |
| Хемија | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 1 | 2 | / | / | / |
| Биологија | / | / | / | 1 | 1 | 1 | 1 | 3 | 3 | 1 | 4 | 1 | / | / | / |
| Вкупно | 4 | 5 | 4 | 3 | 3 | 1 | 12 | 17 | 22 | 12 | 21 | 18 | 8 | 1 | 3 |

Вкупно на ниво во учебна 2022/2023 година има 134 награди.

## Освоени награди во текот на учебната 2023/2024г

| Наставен предмет | Број на освоени награди | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | На меѓународно ниво | | | На републичко ниво | | | На градско ниво | | | На општинско ниво | | | На училишно ниво | | |
| | I | II | III | I | II | III | I | II | III | I | II | III | I | II | III |
| Природни науки | / | / | / | | 1 | 2 | 3 | 2 | 7 | 1 | 6 | 3 | / | / | / |
| Математика | 3 | 2 | 3 | 1 | / | 3 | 5 | 1 | / | 2 | 4 | 2 | / | / | / |
| Мак едонски јазик | / | / | / | 1 | / | 1 | / | 3 | 1 | 1 | 1 | 1 | / | / | / |
| Биологија | / | / | / | 3 | 1 | 1 | 3 | 3 | 9 | 2 | 5 | 7 | / | / | / |
| Англиски јазик | 1 | 1 | 1 | / | 2 | / | / | 3 | 1 | 1 | 2 | 1 | / | / | / |
| Ликовно образование | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 1 | / | / | / | / | / |
| Информатика | / | / | / | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Хемија | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 2 | / | / | / | / | / |
| ПХВ | / | / | / | / | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Вкупно | 4 | 3 | 4 | 6 | 5 | 7 | 11 | 12 | 18 | 10 | 18 | 14 | 0 | 0 | 0 |

| | | |
|---|---|---|
| | | Вкупно на ниво во учебна 2023/2024 година има 112 награди. |
| | Известување на родителите/старателите за постигањата на учениците | Родителите редовно се известуваат континуирано за постигањата во текот на цела учебна година , изостанувањата и поведението на учениците и тоа преку родителски средби, евидентни листови, индивидуални средби, електронски дневник, телефонски контакти и во приемен ден на наставникот. |

| Индикатор 2.2 Мерки за подобрување на постигањата | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Дневниците од сите паралелки<br>- Извештаи од Одделенски и Наставнички совети<br>Табеларен приказ за национален состав<br>- Табеларни прикази на постигнат успех на крајот на од учебната година<br>- Анкетен прашалник за ученици ,<br>-Досие на секој наставник<br>Добиени резултати од ПО достапни кај дефектолог<br>Извештаи од евиденциите на педагошката служба -Закон за основно образование (Советување на родители) | Редовност во наставата | Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуствата од наставата (оправдано/неоправдано) и навреме превзема конкретни активности што обезбедуваат зголемувањена редовноста. Се соработува со родителите, за увид на изостаноците и нивната причина и по потреба се организира од страна на стручната служба советување на родителите заради голем број на оправдани изостаноци.<br>Споредбено вкупниот број на ученици во 2022/23 година е зголемен за 36 ученици.<br>Изостаноции по одделенија за учебна 2022/23година: |

| Одд | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | Вкупно на ниво на училиште |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Оправдани | 957 | 1456 | 2344 | 1307 | 1580 | 2799 | 1446 | 2723 | 902 | 15514 |
| Неоправдани | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 14 | 8 | 22 | 44 |
| Вкупно на ниво на одделение | 957 | 1456 | 2344 | 1307 | 1580 | 2799 | 1460 | 2731 | 924 | 15558 |

<table>
<tr>
<td></td>
<td></td>
<td>Изостаноции по одделенија за учебна 2023/24година (табеларен приказ):
<table>
<tr><th>Одд</th><th>I</th><th>II</th><th>III</th><th>IV</th><th>V</th><th>VI</th><th>VII</th><th>VIII</th><th>IX</th><th>Вкупно на ниво на училиште</th></tr>
<tr><td>Оправдани</td><td>227</td><td>944</td><td>781</td><td>1403</td><td>1378</td><td>1298</td><td>2447</td><td>1291</td><td>2692</td><td>12461</td></tr>
<tr><td>Неоправдани</td><td>0</td><td>0</td><td>0</td><td>0</td><td>9</td><td>0</td><td>28</td><td>27</td><td>0</td><td>64</td></tr>
<tr><td>Вкупно на ниво на училиште</td><td>227</td><td>944</td><td>781</td><td>1403</td><td>1387</td><td>1298</td><td>2475</td><td>1318</td><td>2692</td><td>12525</td></tr>
</table>
</td>
</tr>
<tr>
<td></td>
<td>Советување на родители/старатели и ученици</td>
<td>Нашето училиште презема активности за унапредување на добросостојбата на учениците и напредување согласно воспитно-образовните цели и очекуваните резултати пропишани во наставните програми. И покрај тоа определен број ученици, од различни причини, во текот на учебната година манифестираат однесување што не е во согласност со воспоставениот кодекс на однесување или не го постигнуваат оној успех што, согласно нивните способности, би можеле да го постигнат. За тие ученици и нивните родители/старатели, училиштето обезбедува посебен вид подршка преку фокусирана работа. При тоа, особено е значајна советодавната работа на стручните соработници со ученици и родители/старатели.<br>Овој вид на подршка на учениците и родителите е регулиран со член 76 и 77 од Законот за основно образование и се реализира според Програма за советување на ученици и родители, односно старатели, донесена од МОН<br>кој стапи во сила со денот на нејзино утврдување и потпишување на 12.06.2023 година<br>.</td>
</tr>
<tr>
<td></td>
<td>Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава</td>
<td>Училиштето применува различни активности со цел подобрување на постигањата на сите ученици и организира дополнителна, додатна настава, клубови, воннаставни активности, натпревари на различно ниво и учество во проекти. Секој наставник на почетокот на учебната година изготвува годишнапрограма за овие форми на настава. Се изработува распоред за реализација на овие програми, според планираниот број</td>
</tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| | родители/старатели и ученици | на додатни, дополнителни часови и часови за клубови во рамките на една паралелка. Реализираните часови се евидентираат во е -дневниците. За дополнитената настава изготвени се и посебниизвестувања до родителите на учениците кај кои се воочени потешкотии во совладувањето на материјалот по поедини предмети. Исто така, редовната настава во континуитет се унапредува со нови проекти,техники и методи на работа. |
| | постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава | Училиштето ги превзема сите потребни активности за постигањата на учениците. Нашето училиште секоја година промовира и изнаоѓа начин да го подобри трендот на подобрување на постигањата на учениците, притоа почитувајќи го принципот на еднаквост по пол, етничка, социјална или друга припадност. Применува повеќе стратегии во проверувањето и оценувањето на постигањата и напредокот кај учениците кои се и дел од целите и задачите на училиштето како и методи со кои се регистрираат постигањата од различните аспекти во развојот на детето. Сето ова се регистрира во портфолијата на секој ученик, документ кој е достапен во секое време како за наставникот, така и за родителот<br><br>Подобрување на успехот на учениците се постигнува со тоа што се користи голем број на интерактивни методи, постапки и техники на проверување и оценување и на тој начин се проверува широка палета од различни видови на знаења, процеси и вештини. Ова го овозможува формативното оценување, кое еднакво посветува внимание како на процесот на учење, така и на крајните резултати на суматино оценување.<br><br>Кај учениците од I до III одделение, успехот се следи и регистрира со описна оценка која е дел од наставата, таа е аналитичка и содржи информации за секоја компонента од развојот и напредокот на ученикот. Оцената е оргинална, не е ограничена со број и не ги категоризира учениците, но јасно ја дава сликата за постигањето на учениците.<br>Кај учениците од IV до VI одделение успехот во текот на учебната година се следи и регистрира со описна оценка, а крај на учебната година успехот се регистрира со бројчана оценка.<br><br>Кај учениците од VII до IX одделение, успехот се следи и се регистрира бројчано во текот на целата учебна година. |

| | | Споредбена анализа за крај година на број на ученици успех за период од две учебни години (табеларен приказ): |
|---|---|---|
| | | |

| година | Успех по предмети | Општ успех |
|---|---|---|
| 2022/2023 | 4,84 | 4,90 |
| 2023/2024 | 4,78 | 4,79 |

**Подрачје 2: Постигања на учениците**

**Опис/резиме на подрачјето**

Подрачјето го опишува начинот на следење на постигнувањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставните предмети и според квалификациони периоди нивната редовност ,активностите постапките кои се превземаат од страна на наставниот кадар и стручната служба за учениците кои имаат тешкотии во учењето и постапката за идентификација со надарените ученици и ученици со попреченост како и начините на работа со нив. Начините на соработката и известувањето на родителите како и примената на советувањето на родителите/старателите и учениците.Организацијата на додатната и дополнителната настава каде е застапен демократскиот однос кон учениците,размена на мислења и активна работа.

**Силни страни**

Училиштето превзема конкретни активности за подобрување на постигнувањата на учениците од различен пол и етничка припадност

Наставниот кадар пружа системска помош на учениците кои заостануваaат со материјалот

Наставниот кадар ,стручна служба и директор применува соодветни инклузивни образовни пристапи

- Часовите по дополнителна и додатна настава редовно се реализираат во пријатна атмосфера и меѓусебна комуникација.
- За 13 ученици со ПОПинклузивнио тим,стручна служба ,наставен кадар креира можности за целосно учество,припаѓање и социјална интерекција.
- Училиштето има и примеува интерна стратегија за идентификација на надарени ученици
- Училиштето има систем за следење на постигнувањата на учениците при премин од еден во друг циклус и едно во друго ниво на образование.
- Учениците се задоволни од стручната спремност на наставниците
- Наставниците влијаат на подобрување на поведението на учениците
- Наставниците се достапни за соработка со родителите

| |
|---|
| - Наставниците применуваат современи техники и соодветни методи при реализација на наставата учење ,ИКТ и нови образовни технологии.<br>- Училиштето води евиденција за индивидуалниот напредок на учениците и прави анализа на напредокот по паралелки<br>- Личните постигнувања на учениците се промовираат преку истакнување на училишното радио,училишната веб и фб страна и училишниот весник.<br>- Училиштето има веб страна на која се објавуваат сите потребни информации поврзани со работата на училиштето |
| **Слаби страни**<br><br>И покрај превземените стратегии за подобрувања на постигањата на учениците со континуиран слаб успех , нема видливи резултати . |
| **Приоритети**<br><br>Примена на нови ефективни стратегии и техники за подигање на ниво на мотивација кај учениците со континуиран слаб успех.<br>Индивидуална и групна работа на стручната служба со надарените учениците. |

## Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето

| **Индикатори за подрачјето:** |
| --- |
| **3.1 Училишна клима**<br><br>**3.2 Еднаквост и правичност**<br><br>**3.3 Партнерски однос со заедницата**<br><br>**3.4 Севкупна грижа за учениците** |

| Собирање податоци | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 3.1 Училишна клима** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| | Углед/имиџ на училиштето | Наставниците во нашето училиште наставата ја изведуваат професионално, квалитетно и амбициозно. Овој начин на работа придонесува да се постигнат високи образовни резултати, во областа на наставните и вонnаставните активности, со што се зголемува угледот и имиџот на училиштето. Соработката со стручни лица,локалната заедница ,учеството во различни манифестации јавни повици дополнително директно влијаат на угледот на училиштето. |
| | Кодекс на однесување | Сите чинители во воспитно-образовниот процес го почитува училишниот Кодексот на однесување. Вработените го почитуваат Правилникот за одговорност на вработените, при вршење на работните задачи, Правилникот содржи принципи, правила и обврски на однесување на сите структури во училиштето и постои одредена процедура. Кодексот е изработен од наставничкиот совет и е поставен на видни места во училиштето, во наставничката канцеларија и во училниците. Во рамките на Кодексот на однесување, учениците ги знаат своите права, дополнително се посветува значително време на исполнување на нивните обврски.Според спроведената анкета во училиштетоп, од вкупно 112 испитаници, 86 родители се изјасниле дека се запознаени со кодексот на однесување во училиштето. Додека, 90 ученици од вкупно 100, се согласуваат со тоа дека се запознаени со последиците доколку не ги почитуваат правилата. |
| | Училишна клима | Училиштето води политика на заемно почитување и рамноправен третман на сите структури што учествуваат во училишниот живот. Во училиштето постои професионална соработка меѓу вработените. Раководниот и наставниот кадар имаат важна улога во одржувањето на добра атмосфера во училиштето што се гледа од нивното однесување со другите вработени, учениците и други посетители на училиштето. Ученици во училиштето без оглед на способностите, родот, етничката припадност, верата и потеклото, се чувствуваат прифатени од возрасните и од своите соученици.<br>Во училиштето постои пријатна атмосфера за работа во текот на наставните часови и воннаставните активности.<br>Од вкупно 112 испитаници, 80 родители се изјасниле дека нивното дете сака да оди на училиште. Додека 89 ученици од вкупно 100, изјавиле дека кога имаат потреба од помош, може да се обратат на раководителот на паралелката или на друг наставник. |

| | | |
|---|---|---|
| | Поведение и дисциплина во училиштето | За учениците кои некоректно се однесуваат по било која основа, или кои не го почитуваат Куќниот ред во училиштето, одделенскиот раководител, како и Одделенскиот совет изрекуваат соодветни педагошки мерки, според интерниот правилникот за педагошки мерки  кој се изработен според Законот за основно образование. Одделенскиот раководител е должен за изречените педагошки мерки да изготви решенија. Во училиштето по потреба се формира тим за поддршка во насока на подобрување на состојбата на ученикот. Од учебната 2022/2023 година се воведе мерка со која  во секоја паралелка дежурниот ученик е одговорен да ги собере мобилните телефони на учениците и да ги остави во посебна просторија која се заклучува.Овој вид на мерка беше подржа од  родителите и успешно функционираше во текот на учебната година.Како позитивно искуство ,истата мерка ја применивме и во учебната 2023/2024 година.Резултатите се позитивно,на часовите постои позитивна дисциплина,атмосфера и поглема активност осд страна на учениците.<br><br>Училиштето изготви правилник за правилно користење и употреба на компјутерите и  лап топи. |
| | Учество на учениците во донесувањето одлуки и решавањето<br><br>проблеми | Во училиштето ,од преставниците на паралелките се формира ученички парламент кој избира претседател со мнозинство гласови и ученички правобранител  (тајно гласање, избирачки ливчиња).Тој во реализација на својата програма добива поддршка од училиштето (менторска, логистичка, материјална итн.). Во текот на престојот во училиштето учениците имаат можност и се мотивираат да детектираат и даваат свои идеи за надминување на одредени проблеми со кои се соочуваат,  се мотивираат  да донесуваат одлуки и да даваат свој придонес за создавање на позитивна клима во училиштето. Оваа активност учениците ја реализирааат преку состаноците на Ученичката заедница, на одделенските часови преку изучување на наставните содржини од животни вештини, како и преку разгласната станица во училиштето,онлајн активности. Учениците навремено и целосно се информирани од ученичката заедница за сите работи што се од нивни непосреден интерес и учествуваат во решавањето на проблемите и донесувањето одлуки во врска со тие работи. |
| | | |

| Индикатор 3.2 Еднаквост и правичност | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| | Познавање и почитување на правата на децата | Стручната служба, наставниците и сите вработени ги знаат и почитуваат правата на децата. Училиштето ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување. На одделенските часови и преку разни трибини и состаноци на ученичката организација, учениците се информирани за своите права и обврски, а пак на родителските средби за правата и обврските на децата се информираат родителите на кои воедно им се укажува дека дел од учениците не ги извршуваат во целост своите обврски. Училиштето целосно е посветено на исполнување на правото на секое дете да се образува преку одржување на позитивна училишна клима. |

| | | |
|---|---|---|
| | Еднаков и правичен третман на сите<br><br>ученици | Ученици во училиштето без оглед на способностите, родот, етничката припадност, верата и потеклото, се чувствуваат прифатени од возрасните и од своите соученици. Сите ученици, без оглед на својата национална припадност, подеднакво учествуваат во наставата и во воннаставните активности во зависност од своите интереси. Вработените во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици, независно од полот, етничка припадност, вера, социјално потекло и еднаквост како и кон децата со посебни потреби кои активно се вклучени во наставата. Еден од критериумите од стручната служба и директорот на училиштето при посетата на часовите е да увиди колку наставниците имаат еднаков третман и приод кон сите ученици. Од направените увиди констатирано е дека наставниците еднакво се однесуваат кон секој ученик-не прават никаква разлика по никаков однос.<br>Наставниците стручно се усовршуваат за работа со деца со посебни потреби (инклузија – наставници и стручна служба), емоционално ранливи групи организирано од Општина Карпош, како и на стручен актив во училиштето. Учениците се запознаваат со разни култури преку организирани трибини од страна на стручни лица, учество на ученици во дебати организирани од страна на невладина организација. Мултикултурно ги едуцираме учениците преку соработка со партнер училиштето ООУ„Братство“, Општина Карпош и основното училиште „Јахја Кемал“. Оваа учебна година во нашето училиште се оддржа средба со нашето партнер училиште ООУ ,,Братство’’, согласно стратегијата за мултиетничка итеграција во образованието. Забавата, игрите, соработката и социјализацијата беа дел од активностите со кои започна реализирање на ЕКО училницата под мото ‘’Дружба без граници’’, како и забавни игри и активности во корелација со предметот информатика, каде секој ученик изработи разгледница во чест на Денот на жената – 8ми март со помош на наставниците координатори.<br>Со спроведување на интегрирани часови по одредени наставни предмети како и преку содржините што се изучуваат од изборните предмети- посети на верски објекти од другите култури, работилници на одделенските часови, Животни вештини, Вештини за живеење каде позитивно се вреднуваат и промовираат родовата, етничката, верска и културна различност во нашата држава и пошироко. Со тоа се учат да ги почитуваат сите нации, вери, традицци, култури и да знаат да се справат со дискриминација.<br>Од вкупно 112 испитаници, 93 родители се изјасниле дека нивните деца ги добиваат истите услови за учење како и другите ученици. Додека 92 родители се |

| | | |
|---|---|---|
| | | изјасниле дека нивното дете не било дискриминирано на училиште врз основа на неговиот пол, етничка и религиска припадност или друго. Исто така, 87 ученици од вкупно 100 се согласуваат со тоа дека во училиште се чувствуваат прифатено од наставниците. Додека 78 ученици, изјавиле дека имаат еднакви можности за учество во различни активности на часовите (на пр. поставување прашања, презентирање, одговарање) како и другите ученици. |
| **Индикатор 3.3 Партнерски однос со заедницата** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| | Соработка на училиштето со родителите/старателите | Во нашето училиште постојано се организираат индивидуални и групни родителски средби кои се одржуваат на секое тримесечје, полугодие , а во текот на учебната година еднаш месечно има отворен ден за родители, како и по потреба и вонредни родителски средби. Се спроведуваат постојани средби и разговори со родителите за секој проблем во текот на учебната година. Се реализираат и формални средби со родителите на приемните денови на предметните наставници.<br>Училиштето соработува со родителите и преку Совет на родители составен од делегирани родители од секоја паралелка кои се на транспарентен и демократски начин предложени и избрани од страна на родителите од паралелката.<br>Советот на Родители со изготвена програма која е доставена во училиштето континуирано работи, одржува состаноци, решава, предлага.<br>Родителите (лекари, професори, пожарникари, музичари, сообраќајци, пилоти) се поттикнати активно да се вклучат во наставниот процес преку презентирање на конкретна тема со едукативна содржина, за подготовка на конкурси, настап или преку посети на нивните работни места. Тоа го поткрепуваат добиените резултати од анкетите спроведени кон наставници, ученици и родители. Оваа учебна година беше организирано предавање од страна на родители на тема:<br>-‘’Медиумска култура’’ каде учениците се запознаа со начинот на правилно користење на интернетот, но и со опасностите при користење небезбедни страни и заштита од истите.<br>- ‘’Интернетот не е само игра....Кликај безбедно’’<br>- ‘’Значајноста на оралното здравје’’ – на 20ти март, меѓународен ден на |

| | | |
|---|---|---|
| | | оралното здравје каде родител, специјалист по детска стоматологија на учениците од 4 одделение им презентираше со цел да ги научи што значи оралното здравје и како правилно да ја одржуваат оралната хигиена.<br>- ‘’Државни институции’’ – во соработка со родител од 4 одделение, каде учениците од тоа одделение го посетија Собранието на РСМ. Таму се запознаа со неговата функција, простории, вработени, изборот на пратеници кои предлагаат закони, гласаат и дискутираат за истите. Дознаа поевеќе за АНОМ и неговото значење, историјата на претседателите на Собранието.<br>- “Креирање, менување и зачувување на слајдови во ППТ презентација’’- во соработка со родителот во 4 одделение на часот по ОТП и ИТ се одржа предавање.<br>- ‘’Разбуди го родителот во себе’’ – една од првата низа работилници во соработка со родителот каде испрати пораки од родител кон родители, како да учиме едни од други. Беа споделени лични искуства, техники и препораки за решавање предизвици во родителството.<br>- Во нашето училиште со учениците од 4 одделение е снимени неколку сцени како дел од проектот Младинско учество за силен и одржлив развој во заедницата поддржан од ЕУ, СОС Детско село. Благодарение на родителите Ивана и Кристијан Митревски и студиото JUST SMILE.<br>- Во рамките на одбележување на месецот на штедење и како резултат на соработка со родителите, со учениците од 4 одд. беше остварена посета на Шпаркасе Банка, каде учениците имаа можност одблиску да се запознаат со банкарската професија и научија повеќе за штедењето.<br>- Понатаму, се реализираше работилницата од родители каде гости беа Ивана Митревски и Анастасија Стефановска Ангеловски од Регулаторна комисија за енергетика. Темата беше Енергија (извори на енергија, обновливи и необновливи извори и како до заштеда на енергија)<br>-Родителката сподели искуства, техники и препораки на тема: -‘’Пробиј ја шифрата – што се крие зад однесувањето на детето и како да се справам?’’- за време на работилницата од родител за родител<br>- Во текот на последните три месеци од 2023 година се реализирани повеќе работилници за драмско читање во соработка со Маја Љутков – актерка, каде децата се запознаа со делата на Шекспир и ги следеа со голем интерес. На средба со членовите на Новинарскиот клуб ‘’Студио на Новинарските Ѕвезди’’ гостуваше родител долгогодишен новинар и еден од креаторите на порталот УМНО.мк. Таа ја водеше работилницата ‘’Портали’’ заедно со членовите од |

| | | |
|---|---|---|
| | | нашиот клуб зборуваше за тоа што претставува е-порталот, како и за новинарската професија во 21 век. Ги упати и запозна со основни технички информации и насоки за поимите и некои од тајните на новинарите.<br>Во соработка со родител во рамки на програмата ,,Генерација Библиопилци'' одржаа креативна работилница во Градската библиотека ,,Браќа Миладиновци''-Скопје, каде ја читаа ,,Темната страна на месечината'', ѕирнаа во детството на Арсен Лупен и откриваа какво чудовиште е Атполо.<br>- Во соработка со родителите, учениците од 4 одделение ја посетија фабриката ЖИТО ЛУКС, при што се запознаа со процесот и технологијата на производство на леб, од замесување тесто до готов производ. Со ова ги продлабочија стекнатите знаења за стопанските дејности и нивната поврзаност и на крајот добија скромни подароци од домаќините. |
| | Соработка со<br><br>општината и со урбаната заедница | Училиштето зема учество во организирани активности во локалната средина и во други образовни институции со што го гради својот имиџ:<br>- Училиштето постојано соработува со општината и локалната заедница преку организирање разни спортски натпревари.<br>Се одржуваат и разни други манифестации и проекти како што е проектот ''ЕКО ДВОР'', за кој нашето училиште освои трета награда.(<br>- На манифестацијата ''Карпош има талент'', нашите ученички Јована Јанкулоска и Нела Манческа осовоија втора награда со композицијата ''Lovely'' од Billie Eilish и Khalid.<br>- Во библиотеката ''Браќа Миладиновци'' – објект Другарче, по повод месецот на книгата се одржа работилница ''Книгата како медиум'', која ја водеше наставничката по македонски јазик Матилда Бајкова и раководителот на библиотеката Силвана Јакимова. Поставувајќи го прашањето како книгата како медиум треба да остане присутна и покрај развојот на технологијата и човечките дострели особено во делот на вештачката интелигенција и дигитализација.<br>Исто така, наши ученици земаа награди за учество со творби поезија и проза на литературниот конкурс со тема '' Јас во земјата на чудата'', ''Иднината од моите соништа'' во објектот Другарче во склоп на Библиотеката ''Браќа Миладиновци'' по повод празникот Св. Климент Охридски и Св. Кирил и Методиј. Традиционално на овој настан настапија наши ученици-членови на Драмската секција ''Глумци од утре'' со мјузиклот ''Што имаат на кажат |

| | | |
|---|---|---|
| | | буквите'', едночинката ''Озборувачки'', ритмичка точка – Винтиџ денс, како и соло музички настап на Нела Манческа со песна од Александра Јанева ''Еве ме пак'', како и соло настап со флејта на Мартина Китановска, која е добитничка на повеќе музички награди.<br>- По повод Денови на Општина Карпош на објавениот оглас за избор на најдобра литературна творба на тема ''Општина од моите соништа'', нашата ученичка Донка Китанова од 6б одд. ја освои првата награда. Во својата творба дава прекрасни идеи, искажува голема љубов кон својата општина и не' поттикнува да ја чуваме и негуваме.<br>- Во рамките на проектот за сензибилизација на францускиот јазик со учениците од 5 одделение се одржа работилница организирана од страна на Францускиот институт заедно со проф. Александра Ристовска. Темата на работилницата беше ''Да ја запознаеме Франција, Добро утро''. Учениците имаа можност да се запознаат со француската култура, симболи, познати споменици во Париз како и за географијата на Франција преку видеа.<br>-Друга значајна награда е на наша ученичка, која освои прво место и се закити со златен медал на Пожарникарскиот крос натпревар во организација на Противпожарниот Сојуз на град Скопје, кој се оддржува по 15 пат во категорија женски 400 метри.<br>-На 21 Март – денот на екологијата и пролетта, учениците од нашето училиште го одбележаа со ЕКО активности заедно со своите наставници. Се засадија сезонски градинарски цвеќиња во Еко градината, како и донираните дрвја – Туји од Елколект и наши соработници од локалната заедница. Се чистеше и обновуваше зеленилото околу училиштето, се поттикнуваше еколошката свест кај жителите преку Еко пораки од учениците кои ги делеа на минувачите, а од кои изработија и постер како допринос кон чиста средина и здрав живот.<br>- Амбасадата на Франција и Францускиот институт во Скопје, во соработка со Министерството за образование и наука на Северна Македонија. Во нашето училиште се одджа настан посветен на франкофонија како прилог на ''Проектот за заживување на наставата по француски јазик'' воден од претставникот на Француски институт  Во настанот беа вклучени ученици од 5 одделение, кои за нивното. успешно учење на францускиот јазик се здобија со пофалници. Исто така, оваа учебна година, во нашето училиште почесниот конзул на Белгија, госпоѓа Елена Никодиновска заедно со многу добро познатиот гастрономски шеф Марк де Јонг им ја претставија Белгија со сите свои особини и квалитети на учениците од 4 и 5 одд. |

| | | |
|---|---|---|
| | | - На Институтот за хемија при ПМФ во Скопје, наши ученици заедно со наставничката по биологија се запознаа со хемијата на гасови преку експерименти кои сами ги изведуваа во присуство на домаќинот проф. д-р Методија Најдоски.<br>-Соработка со факултети- Филолошки Факултет- менторски часови Филозофски - група педагогија/психологија(стажирање) |
| **Индикатор 3.4 Севкупна грижа за учениците** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| | Превенција и заштита од насилство | За безбедноста на учениците постојано се грижат сите вработени (стручна служба, директор, наставници и обезбедувањето Македонија''.2022/2023 - КомпанијаПатрол ,2023/2024 „Бранител" Во текот на учебната година, пред почеток на часовите и за време на големиот одмор, наставниците спроведуваат дежурства помогнати од обезбедувањето, а се со цел поголема безбедност на учениците. Своите дежурства наставниците ги извршуваат, придржувајќи се кон претходно подготвениот распоред за дежурства кој е истакнат во наставничка канцеларија. Наставниците и обезбедувањето на училиштето, за безбедноста на учениците, се грижат не само во училиштето, туку и за време на вонннаставните активности кои се спроведуваат надвор од училиштето. За учениците се организираат предавања од страна на полициски службеници, а им се прикажуваат и филмови за безбедно движење Со цел превенирање од сите облици на девијатно однесување и насочување на енергијата во позитивен правец во училиштето се реализираа низа работилници преку кои ќе учениците стекнуваат вистинските,морални,етички ,хумани и социјални вредности . Училиштето обезбедува безбедно физичко опкружување со заштита од физички и хемиски ризици кои можат да ја загрозат безбедноста на учениците и вработените.Се применува политика за обуки и квалификација на наставници за едноставни здравствени интервенции. Тимот за превенција од насилство во континуитет реализира низа активности како дел од превентивната програма за ненасилно решавање конфликти и создавање на безбедна средина како и смирување на ситуации. Секој ученик се чувствува безбеден и добредојден во училиштето.Училиштето има протокол за спречување и постапување во случај на насилство и доследно го применува доколку има потреба од тоа.Стручната служба и наставниците во континуитет пружаа помош и поддршка на учениците |

| | | |
|---|---|---|
| | | преку разговори и водење дискусии преку кои ги охрабруваа учениците да кажуваат за тоа што се случува.Наставниот кадар во континуитет стручно се усовршува и ја унапредува личната компетенција за адекватно разбирање на поимот насилство,постапување и водење на процес на заштита на ученик од насилство,злоупотреба и занемарување.Во училиштето учебната 2023/2024 година се спроведе проектот „Стоп насилство-Крени глас“-зборовите можат да повредат“ ,каде преку активности кај учениците ја подигнавме свеста за проблемите со насилство,предрасудите и стереотипите.Проектот е во соработка со локалната заедница која склучи меморандум за соработка со носителите на проектот.Во училиштето свој допринос дава и училишниот клуб за превенција на менталното здравје. Во клубот членуваат ученици доброволци кои преку презентации ,разговори и работилници како иницијатори и реализатори на определени теми имаа директно влијание на нивната ментална сфера. Стручната служба одржа низа работилници,спроведе и анкети со цел утврдување на фактичката состојба , дефинирање на состојбите како и прецизирање на активностите кои се реализираа. Редовно на Совет на родители се дискутира за менталната состојба и потребата на вклученост на родителите во развојот на децата ,а се почитуваа и препораките од МОН за зајакнување на менталното здравје.Се реализираше отворен ден за разговор со струната слуѓба и низа активности како составен дел од програмата на МОН.<br><br>Според спроведената анкета во училиштето, од вкупно 100 ученици, 93 изјавиле дека знаат како треба да постапат доколку забележат или доживеат врсничко насилство во училиште. Додека 77 ученици се изјасниле дека во училиште работат на решавање конфликти и спречување на насилство. |
| | Заштита од пушење, алкохол и од дрога | Училиштето води грижа и за здравјето на учениците и ги информира учениците за важноста на здравјето во целина и тоа: физичко здравје –(дрога, алкохол, пушење, физички вежби...) ; ментално здравје – (развој на самодоверба, самопочитување, почитување на различностите, толеранција..) ; социјално здравје-(грижа за здрава средина, комуникација, одговорност, добри односи на сите релации...)<br>Клубот на ментално здравје и стручната служба континуирано одржува работилници,истражува и презентира со цел подигање на свеста за проблемите со менталното здравје и намалување на стигмата промовирајќи |

| | |
|---|---|
| | разбирање,емпатија и прифаќање и остварување на целта -создавање средина каде учениците се чувствуваат удобно и имаат поддршка и помош. |
| Квалитет на достапна храна | Училиштето особено води грижа за правилна исхрана на учениците (организирана ужинка и топол оброк). Воедно училиштето се грижи и води евиденција за извршени санитарно-хигиенски увиди во училишната кујна ,а има соработка и евиденција со околните оператори со храна ( Сендвичара ИВА-Руѓер Бошковик бр.18в и ДИЕМ -печење и промет на бели пецива и готвени јадење,ул.Шекспирова бб од кои нашите ученици купуваат храна ) и Изминатите две години се посвети посебно внимание на здравата исхрана се изработија проекти во предмена настава ,а се одржаа и работилници во прво, второ и одделение под мотото ‘’Здрава храна и добри навики за среќни деца’’. Тие воодушевено го следеа едукативното предавање и научија дека правилниот избор на храна зависи од нив. |
| Хигиена и заштита од болести | Се организираат систематски прегледи за учениците задолжителна вакцинирање – имунизација, прегледи од логопеди, аудиолози, систематски преглед на заби, се организираат спортски активности, , екскурзии, излети во природа. За одржување на хигиената во училиштето се грижи техничкиот персонал, наставниците,и учениците (Еко патроли) кои преку претходно изготвен распоред еко патролите вршат увид за хигиената на училниците и на училишниот двор. Реализацијата на ЕКО-проекти кои се спроведуваат во училиштето имаат за цел да ја зголемуваат еко свеста кај секој ученик. |

| | | |
|---|---|---|
| | Грижа за безбедноста на учениците и вработените | Училиштето се грижи за безбедноста на учениците и вработените со помош на обезбедувањето. За подобра заштита во училиштето се организираат интерни предавања и работилници кои ја подржуваат инклузивноста, мултикултурализмот, родова сензитивност. Единствено нашето училиште од Општина Карпош беше вклучено во проект „Безбедност на училиштата“, имавме работилници со учениците и наставниот кадар  реализиарни од професори на Филозофскиот Факулет со поддршка на МОН и бевме посетени од Министерот за образование и наука. Секоја учебна година во училиштето се организира ученичко осигурување на доброволна основа од родителите на учениците. |
| | Грижа за учениците од социјално загрозени семејства | Училиштето ги поддржува учениците од социјално загрозените семејства преку донации на облека, храна,  и парични средства организирани во соработка на училиштето со Црвен Крст, како и со општината, а и самоиницијативно како училиште организираме хуманитарни акции/ Во континуитет нашата грижа е со поддршка и во образовниот и воспитниот процес.<br><br>Имаме реализирано хуманитарна акција преку проекција на филмови во училиште, во рамките на ПХВ проектот. . Од собраните средства од овој проект донирани се апарати во Клиниката за Белодробни Заболувања. |
| | Грижа за учениците со здравствени проблеми | -Училиштето се грижи за здравјето на учениците со предавање за важноста на здравјето по одделни предмети (физичко и здравствено образование, природни науки, вештини за живеење....) Се одржуваат работилници и предавање на одредени болести во соработка со Црвен Крст<br><br>-Специјалниот едукатор и рехабилитатор од нашето училиште заедно со учениците, наставниците и образовните асистенти го одбележаа 2 Април – Меѓународниот ден за подигнување на свеста за лицата со аутизам преку активности и следење онлајн презентација под насловот ‘’Моето другарче со аутизам’’. Учениците научија дека не треба да дискриминираат различности, туку дека треба да се дружат без предрасуди.<br><br>-По повод Светскиот ден на лицата со Даунов Синдром, нашите ученици се запознаа со биолошката различност на овие лица, како и тоа дека |

| | |
|---|---|
| | различностите треба да се прифатат, а не да се осудуваат.<br><br><br><br>- За време на месецот на ретки болести, нашите ученици преку повеќе активности меѓу кои и боење на дланките испратија порака за лицата со ретки болести, со цел да се даде поддршка за овие лица, прифатеност и љубов. |
| Грижа за социо-емоционалната добросостојба на учениците | Училиштето редовно организира работилници и предавања за важноста на менталното здравје – (развој на самодоверба, самопочитување, почитување на различностите, толеранција..) ; социјално здравје-(грижа за здрава средина, комуникација, одговорност, добри односи на сите релации...).<br>Оваа година, нашето училиште беше вклучено во кампањата „Крени глас'' против врсничко насилство поддржано од Макпетрол, за кое беа одржани интерактивни работилниците со учениците од страна на надворешен соработник психолог и психотерапевт Деспина Стојановска како и претставник од Макпетрол – Јана Момировска.<br>-Преку литературни и ликовни творби, игри, глума и разговори го одбележавме Светскиот ден на менталното здравје. Испративме порака: Грижата за менталното здравје не прави среќни, задоволни, благодарни, спокојни и свесни за важноста на позитивните емоции.<br><br>-Под покровителство на Општина Карпош се одржа проект Родителство за целоживотно здравје за родители на училишни деца , како дел од проектот – Советувалиште на родители при општина Карпош.Обуката траеше три дена, се обучија претставници( наставници и стручни соработници), станаа фацилитатори на 5 сесиска програма за родителски вештини на родители на деца од 6-10 години, кои подоцна ќе ја спроведуваат во групи на родители во нивните училишта.<br>Обуката беше водена од страна на експертите од Експертскиот Центар за Родителство при Групција Алтернатива,центар за психотерапија.<br>По завршуваањето на обуката, учесниците се здобија со сертфикати.Тие понатаму продолжуваат во улога на фацилитатори да одржуваат средби со родителите преку 5 организирани сесии, ќе го пренесат своето искуство и |

| | |
|---|---|
| | знаење на родителите,кои понатаму треба да разговараат и позитивно да влијаат врз своите деца,со цел, унапредување на нивното ментално здравје. |
| Давање помош при изборот за продолжување на образованието | Кон крајот на учебната година се реализираат посети од средните училишта за нивна промоција пред претстојните уписи. Тоа се кратки средби на претставници од средните училишта со учениците од IX одд, преку кои се запознаваат со планот и програмата на средното училиште кое е од нивен интерес и имаат прилика да постават прашања за истите. Исто така психолог одржува предавања и спроведува тестирања со цел идентификување на потенцијалите и помош при нивни избор на професија. Училиштето надарените ученици ги промовира на тој начин што наставниците даваат свои мислења и препораки, до општината Карпош, за користење на стипендии, како и мислења до други институции. За добивање стипендии учениците добиваат препорака од Одделенскиот раководител и предметните наставници по предметите за кои имаат посебни афинитети. Оваа година општина Карпош како мотивација/награда за овие и следните генерации организира бесплатно летување за сите првенци на генерацијата од сите десет основни училишта во Карпош. Според спроведената анкета, од вкупно 46 родители 42 се изјасниле дека имаат добиено информација и поддршка од училиштето при избор за понатамошното образование на учениците. |

**Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето**

| **Опис/резиме на подрачјето**<br><br><br>-Во ова подрачје се опфатени едни од најважните ставки за реализација на едно основно училиште, каде се става посебен акцент на градење позитивен однос и атмосфера во училишните клупи, училишниот двор, како и за време на одржување на било која едукативна содржина од страна на наставниот кадар, надворешни соработници, претставници од општината или пак родителите. |
|---|
| **Силни страни**<br><br>- Позитивен ефект од превземената мерка,отстранување на мобилните телефони  на учениците за време на реализација на наставата.<br><br>- Училиштето им дава еднакви можности и услови на сите субјекти во образовниот процес за активно да се вклучат и меѓусебно да соработуваат.<br><br>- Учениците не се дискриминирани во училиште врз основа на нивниот пол, етничка и религиска припадност.<br><br>-Учениците имаат доверба во наставниот кадар и педагошката служба во случај на потреба од помош за врсничко насилство или некоја друга потреба.<br><br>- Учениците се чувствуваат сигурно, безбедно и прифатено од соучениците и наставниците. Запознаени се со последиците доколку не ги почитуваат правилата во училиштето и директно се вклучени во процесот на решавање конфликти и спречување на насилство.<br><br>- Работната атмосфера како и добрата соработка меѓу стручната служба, наставниците и другите вработени во училиштето овозможуваат позитивна клима во училиштето.<br><br>- Афирмација на училиштето преку активностите на наставниците, учениците и родителите.<br><br>- Активен училишен Клуб за ментално здравје |
| **Слаби страни**<br><br><br>- Нередовно доаѓање на  родителите на родителски средби, приемни денови и приемни часови.<br><br>- Недоволно стекнати вештини за справување со  сопствените емоции и чувства |

| |
|---|
| |
| **Приоритети**<br><br>- Креирање постапки за справување со предизвиците поврзани со чувствата и емоциите на учениците.<br>- Поголема мотивација на родителите за редовно доаѓање на родителски средби, приемни денови и приемни часови. |

## Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики

| **Индикатори за подрачјето:** |
|---|
| **4.1 Управување и раководење со училиштето**<br>**4.2 Цели и креирање на училишната политика** |

**Самоевалуација на училиштето: ООУ „ Вера Цирвири-Трена“ Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики**

| Собирање податоци | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 4.1 Управување и раководење со училиштето** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Решение од градоначалник за именување на директорот.<br>Одлука од локалната самоуправа.<br>Одлука од МОН.<br>Записници од наставнички совет<br>Правилник за работа во УО<br>Годишна програма за работа на училиштето<br>Правилник со опис и попис на работни задачи на вработените<br>Статут на училиштето за основно образование<br>Програма за работа на директор<br>Програма за работа на педагог<br>Програма за работа на психолог<br>Програма за работа на | Управување со училиштето | Структурата на раководењето во училиштето е директно уредена со Законот за основно образование, Статутот на училиштето, Законот за работни односи и разни интерни акти на училиштето. Според тоа во училиштето постојат и функционираат сите потребни раководни и управни тела и служби, и тоа директор на училиштето (жена) и Училишен одбор (составен од 7 члена, 3 члена од наставниците, 3 члена од родителите и 1 член од локална заедница (согласно зак. Регулатива и Статутот на училиштето).<br>Надлежностите за управување и административните задачи се јасно дефинирани со *Статутот на училиштето* заснован врз основа на Законот за основно образование.<br>Разрешување на проблемите и размената на идеи зависи од природата на проблемот, со што соработката се остварува по пат на состаноци, интервјуа и дијалог. Состаноците се водат по однапред утврден дневен ред, а ги свикува директорот ,за состаноците на УО претседателот на Училишниот одбор,на кои редовно се поканувааат и претседателот на ученичката заедница и ученичкиот правобранител. Состаноци се свикуваат и по барање на вработените. За истото, членовите и вработените се информираат преку соопштенија на огласна табла или со покани преку електронска пошта. Во зависност од проблемот состанокот може да биде од отворен или затворен тип (ако се работи за проблем од лична природа). Размената на идеи се остварува на<br>состаноци од отворен тип на пр: состанок на актив, информативен состанок, одделенски совет, наставнички совети и др.<br>Според годишната програма за работа на училиштето од 2022/23; 2023/24 год. реализирани се следниве состаноци: наставнички совети 38од нив учебната 2022/23 -20состанци ,2023/2024 18состаноци по 4 одделенски совети на годишно ниво, совет на родители учебна 2022/23-4 состаноци,а учебна 2023/2024 год- 6 состаноци, 20 седници на училишен |

| | | |
|---|---|---|
| дефектолог<br>Записници од наставнички совет, одделенски совет, од училишен одбор, од Советот на родители<br>- записници од одд. актив и стручни активи (природна група предмети, јазична, општествена и уметничко - технички)<br>- записници од ученичка заедница<br>- Список со податоци за членовите на УО<br>Записници од состаноци – психолог, покани, писмени извештаи – секретар и информатор на огласна табла<br>Одделенски дневник, записници, и пишани соопштенија<br>Интервјуа со стручната служба и наставниците;<br>-Увид во библиотечната евиденција;<br>- Интервју со библиотекарот;<br>-Анкети со наставници;<br>-Интервју со домаќин/економ<br>Непосреден увид;<br>-Годишна програма за работа;<br>-Распоред на часови;<br>-Полугодишен и годишен извештај;<br>- Непосреден увид;<br>-Увид во записници од просветна и<br>санитарна инспекција. | | одбор, учебната 2022/2023 -11 состаноци,2023/2024 год- 9 состаноци состаноци по одделенски активи на годишно ниво и 9 записници од ученичката заедница.<br>Бројот на состаноците зависи од природата на состанокот, на пр. родителски средби се реализираат спрема однапред подготвена програма, која е флексибилна. Состаноците се водат со дневен ред и записнички се евидентираат во е- дневникот на паралелката. Покани за индивидуални и групни средби со родителите се реализираат според потреба, како и редовни полугодишни и годишни извештаи за постигнатите резултати на учениците во училиштето. Во текот на целата учебна година сите потребни информации од разни области наставниците ги добиваат преку информатор на огласна табла, како и преку е пошта, исто така постои и информатор наменет за родители и ученици, како и преку веб страната на училиштето.<br>Преставници од локалната самоуправа се поканувaaт на патроните празници на училиштето, на денот на екологија, на значајни МИО проекти, разни пригодни манифестации, одбележувањето на јубилејот од постоењето на нашето училиште, како и на други соодветни значајни моменти од работењето на училиштето.<br>Информирањето на учениците се остварува по пат на состаноци на одделенска заедница, на ниво на паралелки и ученичка заедница, на ниво на училиште со пишани соопштенија, индивидуални-групни, известувања на ниво на паралелки или одделенија.<br>Воспитно-образовната дејност во училиштето е регулирана со Закон за основно образование во кое што постојат законски мерки и нормативи, куќен ред, како и етички кодекс на однесување.<br>**Анкетните резултати** за **УО** укажува дека **78%** транспарентно ги објавува сите донесени одлуки 100% од **УО** сметаат дека се вклучени во предлагањето и донесувањето на **ГП**, како и дека имаат увид и достапност во документацијата за финансиски план, исто така 100% се согласуваат дека мислењата кои ги даваат за избор на директор, наставници и стручни соработници се објективни и непристрасн**и.** 69% од анкетираните родители се согласуваат дека Претставникот на Совет на родители навремено и транспарентно го информира советот за планираните активности преку кои треба да се постигнат очекуваните резултати.Коминакцијата ја имаат преку меил и нивна вибер група. |
| | Раководење со училиштето | Од спроведеното интервју со раководен орган , директорот на училиштето констатирано е дека има јасна визија за развојот и развојниот план на училиштето. За развојниот план на училиштето директорката ги известува сите вклучени страни во животнта училиштето на соодветен начин, преку информатор, огласна табла, е-пошта,веб страна на училиштето како и преку формални и неформални средби со сите чинители вклучени во овој развоен план.Редовно се прави набавка на потребните ресурси што посебно ги налага Новата концепција и истите ефективно се користат од страна на наставниците. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Исклучително пред почетокот на учебната година ,се изработуваа листа на потребни ресурси за квалитено реализација на наставниот процес во соработка со наставниците, и во текот на учебната година се издвојува одреден буџет за купување на потребни ресурси. Наставниот кадар редовно посветува внимание на својот професионален развој преку учество на интерни и обуки организирани од страна на надворешни релевнтни институции.Финансиската поддршка за следењето на обуките ,наставниците ја имаат од страна на училиштето, но следат и обуки кои што финански ги покриваат самостојно.Училиштето има интерен правилник кој е изработен во согласност со Законот за основно образование ,во кој се воспоставени механизми за пофалување на учениците и наставниците.Се избира првенец на генерација, и на секој квартален период се пофалуваат ученици за постигнат успех и вложен труд за кое истите добиваат пофалници , и се објавуваат на училишната веб страна. Во однос на училишниот буџет од интервјуто со директорот се заклучи дека транспарентно со наставниот кадар и УО се споделуваат сите информации поврзани со финансискиот план планиран на годишно ниво ,планот на расположливите финансиски средства и планот на нивното користење и реализацијата. Училиштети има стабилна финансискасотојба и ликвиден и солвентен буџет.<br>Како една од позначајните карактеристики на раководниот орган на училиштето е објективното оценување на работењето на вработените, а директорот особено се залага за тимска работа, успешно ги имплементира сите новини и промените во<br>образовниот систем. Сето ова го постигнува со личен кредибилитет, професионален однос кон работата, ефектно ги делегира задолженијата и обврските на вработените.<br>Училиштето ги негува партнерските односи со збратимените училишта како што е училиштето „Братство“ преку МИО проекти и активниости за зајакнување на меѓуетничката соработка.<br>Особено внимание се посветува на инклузивноста во училиштето преку активен<br><br>тим за инклузија на учениците .Се организираат индивидуални и групни состаноци формални и неформални во кои се дискутира за начините и техники за поддршка на учениците сопосебни потреби.Акцент се става и на советодавните средби со нивите родители на кои како училиште им даваме несебична поддршка и се битна алка за реализација на планирани активности во насока на подобрување на целокупниот развој на учениците со посебни потреби.Раководниот огран ги мотивира и дава поддршка на наставниците за нивни допринос во работата со надарените ученици кои непосредно ги ангажираат и подготвуваат за натпревари,проекти манифестации...,а во текот на учебните години континуирано стручната служба го следи напредокот и помага на учениците е со потешкотии во учењето и со емоционални проблеми.<br><br>Младите се движечка сила во училиштето па затоа ученичката |

| | | |
|---|---|---|
| | | заедница и ученичкиот парламент функционира безпрекорно преку состаноци средби и разни активности.<br><br> |
| | Управување и раководење со ресурсите | Училишната зграда е од тврда градба и е изградена во 1962 година. Дневниот престој е изграден во 1975 година.Внатрешната површина на училиштето е 3189 м2,училишниот двор 7787м2 и површона под спортски терени 1180 м2. Учебната 2022/2023, од месец мај спортската сала е реновирана (ѕидови и под-стругање и лакирање паркет),март месец реновиран е и покривот на салата. Со оглед на тоа што училиштето работи во смена ипол ,има потреба од дополнително уште една фискултурна сала.<br>Училиштето располага со 21 училници, 6 училници за целодневна настава, и една во попладневните часови е за продолжен престој)за 4 одд со поддршка од Општината),останатите за реализација на наставата во предметна настава . 1 фискултурна сала, современа кујна со трпезарија, административни простории (за директор,секретар,педагог, психолог,домаќин дефектолог)и 1 библиотека,медијатека и сензорна соба простορија за архива. Големината на училниците е просечно по 50 м2 ,само една училница и медијатеката се по 60 м2<br>Во училиштето има просторија за хаусмајстор и магацин. Заедничка просторија на наставниците е само наставничката канцеларија. Големината на самите училници не е иста. Секоја паралелка од прво до петто одделение си има своја училница ,опремени смарт табли и смарт телевизори и компјутер за наставник Наставниците во одделенска настава имаат на располагање20 таблети кои ги |

| | | |
|---|---|---|
| | | користат за реализација на одредени наставни содржини. Паралелките се статични односно секое одделение си престојува во своја училница Наставата од шесто до деветто е кабинетска.Училиштето ,учебната 2022/2023 година со донација од МОН располага со целосно опремен кабинет по хемија. Училниците -кабинетите се опремени со смарт телевизори и компјутер и лап топи. кабинетите по биологија,физика,математика и медијатеката располагаат со смарт табли и нови зелени табли.Учебната 2022/2023 година кабинетот по информатика е опремен со 8 компјутерии и нова зелена табла. Во кабинетот на располагање се и 17 таблети. Секциите се одвиваат во истите простории каде се одвива наставата.Доколку дозволуваат временските услови ,реализацијата е во училишните еко катчиња. За организирање и непречено одвивање на наставната програма, училиштето има план и распоред кој максимално ги користи сите простории. Во училиштето ни недостасува адекватен простор за организирање на приредби, кој како недостаток тековно се наследува. Училиштето располага со 21 санитарни јазли еден од нив е тоалет за ученици со попреченост.Учебната 2022/2023 година дел од училишниот двор се разелени и збогати со садници,а беше поставена и ограда,која е донација од родител е.Создадовме една нова ЕКО училница (освоено 2 место) ЕКО катче – за кое е добиено 3 место од конкурсот за најдобар ЕКО двор од општина Карпош. Во училиштето има 4 еко катчиња,градина под фолија и Стаклена градина . Сите вработени подеднакво имаат одговорност за чување на ресурсите при нивна употреба,и континуирано се посочува на учениците за истата одговорност.<br>Заради поголема безбедност и проодност на учениците, на десната страна од тротоарот пред училиштето ,месец мај ,учебната 2023/2024 година поставени се безбедносни столпчиња.Пред влезот на училиштето има елекронска рампа со ограничување на брзината заради безбедност во сообраќајот.<br>**ЗАКЛУЧОК! Со добра организација, наставниот кадар успешно ги реализира своите активности.**<br>Училиштето располага со стручна литература и наставни помагала кои ги задоволуваат потребите на учениците и вработените и кои соодветствуваат со современите наставни текови.Учебната 2023/2024 година донирани се нагледни средства(географски и историски) кои по потреба ги користат и одделенските наставници. Учебната 2022/2023 год.од страна на родители имаме донација на школски мебел (шкафови ,бироа и канцелариски столиња)<br>Во интервју со **домаќин/економ** се констатира дека тој е **задоволен од набавките** на потрошен материјал за училиштето и дека има целосен **увид** во **документацијата и подготовката на истата.** |




**Интервјуто** со **библиотекар** укажува дека тој е задоволен од набавката на стручна литература во библиотечниот фонд и истиот има удел во документацијата за планирање и набавка на стручна литература. Учебната 2022/2023 година библиотеката е збогатена со 100 лектирни изданија. Електронското водење на книгите значително ја подобри навремената информираност за достапноста на бараните книги и бројот на нивното располагање..Редовно се води и инвентарна книга.

*Во нашето училиште со последниот попис ,вкупниот книжевен фонд е 12261 книги. Евиденцијата се води електронски. Исто така сите книги се водат во инвентарна книга . Најчесто се издаваат лектирни изданија.
Библиотеката располага со 27 енциклопедии, 1 голем речник англиски, 9 речник македонски јазик (граматика), 1 енциклопедија „*На ситна срма нанижан*“, 1 енциклопедија „*Народниот јазик е бисерен ѓердан*“, 41 енциклопедија на англиски јазик,480 стручна литература за наставници и стручни соработници, 7581 разни видови на книги , белетристика, романи, поезија, легенди и преданија, монографии, книги за психолошка работилница, историски книги и др и 636 лектири од I – IX одделение, Наставниците најмногу користат географски атлас, речник на странски зборови, лексикони, историски книги, монографии, литература (прирачник за животни вештини) за одделенски час, македонска литература и други стручни книги. Од стручна литература за администрацијата секој месец (*hard copy*) се добива Прирачник за книговодство и правни работи и Службен весник (на интернет). Од спроведената анкета за родители 70% се

согласуваат дека училишната библиотека е достапна за сите ученици

Библиотеката располага со компјутер и истиот функционира. Евиденцијата на библиотеката прописно се води, со азбучар – тетратка (која содржи име и презиме на ученикот, наслов на книгата, датум на земање и враќање на книгата).- како ппомошна евиеденција .Просторијата на библиотеката има 24м2. Фондот на книги постојано се дополнува осоено претходните две години ,и посебен акцент во набавката се става на лектирни изданија .Учебна 2022/2023 се набавија 199 лектирни изданија ,а учебната 2023/2024 година  библиотеката „Другарче и Арсламина која донираше 100 книги.(2023година)Библиотеката **соработува** со други библиотеки „,**Карпош**“, „**Другарче**“ и градската библиотека „**Браќа Миладиновци**“, „НУБ“

**Библиотеката има добиено голем број на благодарници, пофалници, како и награда за освоено IV место на Млади библиотекари.**






Од спроведената анкета за ученици 99 испитаници ,40% се информирани за планиранитеААктивности во училиштето,60% можат да земат книги,и 40% ја сметат библиотеката е место каде можат да читат и учат. Што се однесува до потрошниот материјал во училиштето, тој се обезбедува во одредено количество кое делумно ги задоволува потребите на вработените, сместен е во просториите на домаќинот на училиштето и истиот е во надлежност на домаќинот.

Од потрошен канцелариски материјал за наставници најмногу се користи хартија, тонер за печатачот и креди. Исто така се набавуваат линкови, лепаци, мастило за печат, селотејп, шпенагли, маркери, хамери, сунѓери и др.

Од средства за хигиена најмногу се набавува средства за дезинфекција и чистење на под, стакло и санитарии, средство за садови, хигиенски ракавици,

| | | |
|---|---|---|
| | | виледи и други крпи, четки, жици, сунѓери, кофи и др.Нашето училиште води грижа за обезбедување материјални средства потрошни материјали, нагледни средства и компјутерска опрема која редовно се сервисира поради олеснување на наставниот процес. Редовно на почетокот на учебната година се врши набавка на потребни ресурси за непречена реализација на наставата програма.<br><br>Анкетните резултати за наставниците за нагледни средства кажува дека 80% од нив се задоволни од нагледните средства со кои располага училиштето. Тие се служат со енциклопедии, стручна литература, други дополнителни учебници, прирачници, компјутери, ЛЦД проектор како и редовно користење на Медијтеката и март таблата. Користат географски мапи, атласи, модели на органи, синтисајзер, пијано, лексикони и речници, геометриски тела, линеар, и др. За оние средства и материјали кои не можат да се најдат во училиштето наставниците прават сопствени изработки, користат изработки од учениците (проекти, есеи, истражувања) користат интернет и литература од сопствена библиотека. |
| | Раководење со кадарот | Наставниот процес во училиштето го реализираат 39 наставници ,17 наставници од одделенска настава(3 мажи ,14 жени),предметна настава 22 ( мажи , 20 жени),од нив 3 наставници дополнуваат од други училишта Од стручна служба во училишето има педагог, психолог, дефектолог, библиотекар .<br><br>Училиштето располага со наставникот по природни науки и биологија кој има звање наставник-ментор и менторира по двајца наставници истовремено. Реализирање на наставниот план и програма во училиштето е обезбеден со доволен број наставници по секој предмет, со што воспитно-образовниот процес се реализира комплетно. Стручната подготовка на наставниот кадар е во согласност со нормативите.Училиштето има пропишана процедура за организација и реализација на приправничкиот стаж. Наставниот кадар е квалификуван и способен за реализација на воспитно-образовниот процес, со континуирано стручно усовршување во склоп на обуките на МОН ,БРО - Локалната самоуправа, ПМФ УСАИД и други. Во<br>училиштето работи и дефектолог кој ги следи напредувањата и работата на децата со посебни потреби активно и заеднички ги изработува програмите за ИОП со наставниците.Во континуитет го следи развојот на учениците како и справувањето со девијантното однесување . Наставниците во училиштето ги поминаа сите обуки за деца со посебни потреби како во училиштето така и преку семинари од МОН и БРО ,Здруженија како и дополнителни семинари за упрравување со смарт тсбли како и дисеминација на истите.. Освен оваа активност во рамките на годишната програма се изработува посебна годишна програма за работа со надарени деца каде носител е училишниот психолог во соработка со наставниците. На секое тримесечје и редовни состаноци се следи |

<table>
<tr>
<td></td>
<td></td>
<td>напредокот кај учениците, а за истото имаме докази кои навреме се доставуваат кај психологот. Училишниот психолог врши тестирање за професионален развој на учениците од IX-те одделенија се со цел правилен избор за понатамошно образование. Од страна на директорот и стручната служба континуирано во текот на годината се врши посета и набљудување на часови кај одделенските наставници и предметните наставници. За истото училиштето располага со соодветна документација. Во случаи на отсуство на наставниот кадар ,училиштето има механизми  за брза и соодветна замена.Секј наставник кој има слободен час ,заменува час ,а по потреба и доаѓаат пре почетокот на нивната смена или остануваат после смена.



</td>
</tr>
<tr>
<td></td>
<td>Следење и унапредување

на наставниот процес</td>
<td>Сите наставници изработуваат личен план за професионален развој и врз основа на личните планови се идентификуваат потребите на наставниците и се изготвуваПрограма за професионален развој на наставниот кадар. Наставниците добиваат можност да учествуваат на семинари организирани од страна на Бирото за развој на образованието и МОН. Исто така, согласно потребите за професионално усовршување на наставниот кадар и расположливите средства од буџетот, училиштето организира интерни обуки со надворешни обучувачи, односно во изминатите две учебни години, во училиштето беа реализирани следниве интерни обуки:</td>
</tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| | | • Обука за пронаоѓање на механизми за справување со сајбер напади<br>• Учество во ЦКА-ПХВ програма за 2024 –Црвен крст Карпош<br>• Обука за Национална платформа<br>• Обука „Справување со предизвикувачко однесување“-ОУРЦ “ Др.Златен Сремец“-Скопје<br>• Обука –Научи да пишуваш проекти за образовни институции<br>• Обука- Како од проектна идеја до успешна проектна апликација?<br>• Едукативна работилница-„Психологија на меѓуврсничко насилство и девијантно –препознавање“<br>• Обука за модифецирана програма<br>• Обука-Стратегии за менаџмент во училница – принципи и примери на добра практика за создавање позитивна работна атмосфера во училница и во онлајн –виртуелна училница<br>• Обука-Вештачката интелигенција во образовниот процес<br>• Работлилница –“Собранието и ѓраѓанското образование“<br>• Обука-Медиумска писменост<br>• Обука за наставници по природни науки<br>• Меѓународна конференција за образование по математика,физика и сродни науки<br>• Меѓународна конференција „ Унапредување рефлексивна пракса“ |
| **Индикатор 4.2 Цели и креирање на училишната политика** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Закон за основно образование и измените и дополнувањата на истиот, правилник (за педагошки мерки, екскурзии и за технолошки вишок) куќен ред, записници од одржаните состаноци на Советот на родители и Училишен одбор, правилник за избор на ученик на генерација и правилник за екскурзии<br><br>Записници, дописи, препораки, | Процедури за креирање на училишната политика | Постојат соодветни постапки во креирањето на училишната политика. Притоа се дава голем акцент на соработката со родителите и локалната самоуправа. Родителите имаат големо учество во креирањето на училишната политика со своите видувања, ставови, мислења и искуства. <u>Новиот *Совет на родители*, постигна поголема флексибилност, како и квалитетно и навремено пренесување на информациите до паралелките, со тоа е постигната успешна комуникација помеѓу родителите и училиштето.</u> Преку нивното учество во работата на училиштето - Советот на родители, од чии членови се избираат тројца преставници за Училишниот одбор.За хигиената и уредувањето на училишниот двор се грижат вработените и М.З. Карпош 2. Активно се вклучени и учениците кои преку еко акции се грижат за одржувањето на училишниот двор ,и воедно ја развиваат својата одговорност за грижа кон училишната средина. |

| | | |
|---|---|---|
| пофалби, укажувања, тематски и Годишните планирања (наставници), годишна програма на училиштето, програма на советот на родителите (директор), потврди и сертификати за наставниците.<br><br>Се води Педагошки картон и Професионално досие за секој наставник. (Педагошко-психолошката служба)<br><br>Записници, дописи, одделенски дневник (наставник), програми, планирања (директор)<br><br>Програма за унапредување на здравјето на учениците, предавања од здравственото образование, систематски и стоматолошки прегледи на ученици.<br>Систематски прегледи на вработените, освоени дипломи, награди признанија и пофалници.<br><br>Анкета<br><br>Летописна книга (психолог)<br><br>Годишна програма за работа на училиштето во учебната 2022/23 и учебна 2023/24 година.<br>наставните планови и програми, годишни и тематски планирања (наставник, директор)<br><br><br><br>Годишна програма за работа на училиштето во 2023/24 и 2023/ година год.(директор) | | Училишната политика се креира со донесување план за развој на училиштето и истата се реализира. Бирото за развој на образованието доставува покани за семинари и обуки за професионално усовршување на наставниците, стручните соработници и директорот на училиштето.<br><br>**<u>*Анкетните резултати за наставниците</u>** <u>околу информираноста за семинари и обуки во врска со професионалното усовршување укажуваат дека најголем процент (90**%)** се вклучени во професионално усовршување</u>.<br><br>Амбицијата на наставниците за нивна понатамошна наобразба и професионално надоградување и понатаму се реализира преку семинари и проекти како што се***:„ Р***одителство за целоживотно здравје за родители на деца на возраст 6-10 години –Позитивно родителство "- Општина Карпош <u>, „Еко – Проект"„Зајакнување на семејството-за родители и млади од 10-14 години" на UNODC и Министерство за правда; „; Унапредување на наставата за работа со деца со ПП како и стручни семинари за работа со деца со ADHD и дислексија; редовно остварување на МИО активности, тековно се посетени и семинари за работа според Ајнштајн.</u>Сите овие семинари се надоврзуваat на веќе постоечките проекти кои во континуитет се реализираат во училиштето како што се <u>„Пакомак"; Селект и 0 Отпад„Вклученост на семејството";" „Елколект"„ Негување на менталното здравје, Вештини за адолесценција , Микро бит, Стаклена градина,Напредна биологија за нашата екологија „Крени Глас--Стоп за булинг</u><br>Политика на нашето училиште е безрезервно да им дава подршка на наставниците за редовно посетување на сите форми на усовршување за што се води евиденција во училиштето.<br><br><u>Во успешно реализирање на политиките и зацртаните цели на училиштето од голема важност е соработката и добрата *(професионална)* клима меѓу наставниците (соработка меѓу стручни активи: одделенска-предметна) со што се направи увид и во атмосферата меѓу вработените во колективот *(види прилог Анкетни листови)*</u><br><br>Меѓудругото училиштето води грижа и евиденција за редовните систематски и санитарни прегледи на своите вработени:<br><br><u>-систематски преглед на наставниците 2023 год. во поликлиника *„Медикус"*</u><br><br><u>-санитарен преглед на вработените учебната 2022/2023 се спроведе во Центарот за јавно здравје,а учебната 2023/2024 година во Институтот за јавно здравје</u> |

| | | |
|---|---|---|
| Полугодишни и годишни извештаи на стручни активи, успехот и поведението на учениците и упатства добиени од Бирото за развој (педагошко-психолошка служба)<br>Записници, одделенски дневници (наставник)<br>Интервју<br><br>Увид во финансов план;<br>- годишна програма за работа;<br>-Интервју со директор, секретар и УО;<br>-Записници и одлуки на УО;<br>-Понуди.<br>- Анкетни листови за вработените | | Покрај редовната политика за унапредување на здравјето на учениците која е зацртана со однапред предложена и усвоена програма по определени предмети (биологија, физичка култура и предавања од страна на поканети стручни лица за определена област и здравствени служби), училиштето го става акцентот и на афирмирање на мултикултурализмот и негувањето на различноста преку **МИО проектот како** ***клучна компонента во образованието и креирањето на толерантни млади без предрасуди***. Потврда за тоа е долгогодишната активна соработка со училиштето „Братство“ во реализирањето на голем број заеднички МИО активности.<br>Политиката за давање поддршка на учениците е регулирана и потпомогната од страна на наставниците, одделенскиот и наставничкиот совет, разни друштва и невладини организации, социјалната и педагошката служба, со таа цел училиштето има изградена политика каде се негуваат посебно изборните предмети за кои учениците заедно со родителите го прават изборот .Спред новата концепција од 4 до 6 одд учениците одбираат по 2 изборни предмети , а учениците од 7 до 9 одд избираат изборни предемти од листата на понудени од страна на БРО.<br>Како резултат на тоа училиштето е носител на бројни награди и признанија. Конкретно за активностите врзани со Развојното планирање, одговорен е директор, педагог, психолог, дефектолог и стручните активи со наставниците, како и тимовите формирани во училиштето.<br>**Училиштето доби грант од МИО од 30.000 денари учебната 2022/2023 и 30.000 ден учебната 2023/2024 година** |
| | Резултати од развојно<br><br>планирање | Активностите за долгорочно планирање се присутни во развојното планирање на училиштето, неговата евалуација и визијата .<br>Училиштето води содветна политика во врска со дисциплината, поведението, однесувањето базирано врз основа на Правилникот за педагошки мерки на училиштето. Во учебната 2022/23 година и 2023/24 успешно се реализирани јасно предвидените цели според полугодишните и годишните извештаи предвидени со Годишната програма за работа на училиштето<br>- континуирано реализирање на квалитетни и повеќебројни **МИО** активности со редовно и транспарентно известување за нив ***(промовирање на меѓуетничка интеграција и мултикултурализам)*** преку училишната веб-страна, преку официјалната веб-страна на УСАИД, преку општинската веб страна .<br>-водење грижа на постоечката **зеленчукова градина** и искористување на истата во **научни цели** *(испитување на земјата, расадот и сл.)*<br>**-**активно вклучување на родителите *(организирање на излети, фудбалски натпревари, стручни предавања...)*<br>-активно ангажирање на **Ученичката заедница**, со цел за нивно поголемо ***демократско партиципирање*** во училиштето |

| | |
|---|---|
| | -модернизирање на школската ***веб и фејзбук страна***, како и нејзино редовно ажурирање за информирање и афирмирање на постигањата на учениците како и **амбиција** на училиштето за доближување на училиштето до јавноста. На фејзбук страната се објавуваат континуирано активностите кои децата заедно со наставниците и родителите ги реализираат, работилниците кои се спроведуваат со вклучување на родители и надворешни лица, одбележување на меѓународни празници. |
| Планирање и управување<br><br>со училишниот буџет | Постапките за финансиско работење на училиштето се во согласност со законските норми.Набавките се вршат преку бирото за јавни набавки. Постои транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет. Финансиското работење редовно е следено од директорот .<br>**За сите измени училиштето се информира преку Министерството за финансии и преку Информаторот на Про-Агенс и истите ги спроведува во согласност со законските регулативи**.<br>Училишниот одбор редовно го следи и разгледува финансиското работење на училиштето на своите состаноци. Завршните сметки се разгледуваат на седниците на Училишниот одбор. Училиштетоги информира органите и телата за училишниот буџет и трошење преку седници на Училишниот одбор, Наставнички совет и Совет на родители.<br>**Анкетните резултати за УО** укажува дека **100%** се еднакво вклучени во донесување на одлуки., како и дека имаат увид и достапност во документацијата за финансиски план.<br>Со финансиското работење на училиштето се запознаени Наставничкиот совет и Советот на родители. |

## Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики

| |
|---|
| **Опис/резиме на подрачјето**<br><br>Подрачјето го опфаќа начинот на раководење и управување со учлилиштето,раководењето со кадарот.управувањето со училишниот буџет  како и следењето и управувањето на наставниот процес. |
| **Силни страни**<br><br>- Во креирање/реализирање на училишните активности, активно  се вклучени родителите преку **Советот** на **родители**<br>-- Давање подршка во аплицирање за грантови и добиени два гранта од МОН за спроведување на МИО активности  **-60.000 денари**<br>Успешна соработка со членовите на УО<br>Стабилна фонансиска состојба-ликвиден и солвентен буџет<br>Афирмирање на **мултикултуралноста** како дел од политиката на училиштето<br>-Опремен кабинет за информатика<br>- целосно опремени училниците за реализација на настава од прво до петто одд и кабинетите по биологија,физика ,математика  и хемиска лабараторија.<br>-училиштето располага со доволен број на нагледни средства<br>- високо ниво на поддршка на наставниците за нивни професионален развој<br>- збогатена училишна библиотека со лектирни изданија<br>-  Успешно реализација на програмата за “ Позитивно родителство за деца од 6- 10 години“,наменета за родители<br>-Редовна соработка со родители ,локалната заедница |
| **Слаби страни**<br><br>Недостаток на простор за физичко и здравствено образование – *(делот за просторни капацитети)*<br><br>Нецелосно опременост  со ИТ опрема на кабинетите во предметна настава |
| **Приоритети**<br><br>Набавка на ИТ опрема во шест кабинети<br><br>- Влучување/партиципирање на поголем број на  ученици во  оплеменување на дел од дворната површина со тоа што секое одделение би си имало своја парцела, сè со цел развивање на општествена одговорност за грижа кон нештата што не припаѓаат во лична сопственост како дел од политиката на училиштето. |

# И З В Е Ш Т А Ј

**од самоевалуација на ООУ„Вера Циривири – Трена“–Скопје за период 2022-2024 год**

Врз основа на Законот за основното образование („Службен весник на РСМ“ бр.161/19 и 229/20 година) Општинското основно училиште „Вера Циривири – Трена“ – Скопје изврши самоевалуација на работата на училиштето за период од 2022-2024 година.

За таа цел, на предлог на директорот на училиштето, Училишниот одбор на својата седница одржана на 24.06.2022 година формираше комисија за спроведување на самоевалуацијатаво следниот состав:

1. Андријана Илиевска – дефектолог
2. Ванчо Љатковски – библиотекар
3. Дивна Карапанчева – предметен наставник
4. Сузана Аспровска – одделенски наставник
5. Јасна Станковиќ – родител

Самоевалуацијата беше спроведена во периодот 2022-2024 година. За нејзино успешноспроведување, Комисијата обезбеди активно учество на целиот воспитно-образовен кадар во процесот, со тоа што беа формирани 4 тима за 4 клучни подрачја во чии рамки се вршеше самоевалуацијата, односно:

| Подрачје | Членови на тимот |
|---|---|
| 1. Планирање, настава и учење | - Дивна Карапанчева – лидер<br>- Маја Чинго<br>- Билјана Стојановска<br>- Александра Чочевска<br>- Мартин Стефановски<br>- Ана Видоевска Динева<br>- Сандра Ѓорѓиевска<br>- Радмила Неделковска<br>- Ленка Ѓорговска |
| 2. Постигања на учениците | - Алмедина Адемовска – лидер<br>- Гордана Ѓоргиевска<br>- Јасмина Сретеновска<br>- Кристина Несторовска<br>- Анита Петровска<br>- Ана Кралевска |
| 3. Училишна клима и односи во училиштето | - Кристина Николовска – Велкова – лидер<br>- Игор Донов<br>- Валентина Пешевска |

| | |
|---|---|
| | - Матилда Бајкова<br>- Пепи Стефановска<br>- Оливера Даневска<br>- Елена Јакимовска<br>- Сузана Аспровска<br>- Марија Саракинов |
| 4. Управување, раководење и креирање политики | - Велимир Новески – лидер<br>- Даниела Илиевска – Стојчева<br>- Николина Ристовска<br>- Дајана Станисавлевиќ<br>- Лила Трпчевска<br>- Наташа Нешевска<br>- Соња Силјановска<br>- Сузана Илиќ |

Тимовите спроведоа анкети, интервјуа, извршија увид во потребната документација и изворите, врз основа на што ги обезбедија сите потребни податоци и материјали, според кои дадоа описи на постигнатоста на индикаторите во рамките на своето подрачје. Секој тим за своето подрачје направи опис/резиме на подрачјето, ги издвои силните и слабите страни и предложи приоритети, врз основа на кои понатаму ќе се темели изготвувањето/реализацијата на Развојната програма на училиштето.

По завршената работа, секој тим ја достави целосната документација од самоевалуацијата до Комисијата, која повторно ги разгледа сите документи и ги оформи во една целина.

Со цел да се обезбеди транспарентност на процесот, на седницата на Наставничкиот совет одржана на 02.07.2024. година секој тим ги образложи резултатите од својата работа, силните и слабите страни, како и предложените приоритети. Наставничкиот совет воедно дискутираше и се договараше во однос на тоа кои приоритети треба да бидат клучни за изготвување/реализација на стратешките и развојните цели во Развојната програма на училиштето.

Во овој извештај ќе го презентираме описот/ резимето, силните страни, слабите страни и приоритетите во однос на секое подрачје.

| **Подрачје 1: Планирање, настава и учење** |
|---|
| **Опис/резиме на подрачјето:**<br><br>**Подрачјето го опфаќа планирањето и реализацијата на наставните планови и програми,оценувањето како дел од наставниот процес . Опишана е и постапката за избор на слободните изборни предмети како и интеракцијата меѓу наставниците, учениците и меѓусебно .Атмосферата за учење како битна алка во воспитно-образовниот процес како и идентификација и задоволувањето на различните потреби на учениците. Вклученоста на учениците во вонаставните активности како и освоените награди од учество во натпреварите.** |

| |
|---|
| **Силни страни:**<br> **- Се дозволува наставникот да биде креатор на наставата во генерциите каде се реализира новата концепција**<br>**- Училиштето во целост го поддржува и помага осовременувањето на квалитетот за реализација на наставните планови и програми од страна на наставниците;**<br>**- Опфатеност и успешно работење (многубројни награди и постигнати резултати) во вонаставните активности**<br>**- Примена на повеќе техники, стратегии и инструменти за оценување и самооценување;**<br>**- Наставниците ги поттикнуваат учениците самостојно и критички да размислуваат, соработуваат и решаваат проблеми;**<br>**- За потребите на учениците со посебни потреби, имаме опремено сензорна соба;**<br>**- За задоволување на интересите на учениците креирани се и училници на отворено, а за оние кои покажуваат афинитет кон истражувачката работа ја имаме Стаклената градина;**<br>**- За учениците кои покажуваат особен афинитет и способности кон спортските активности имаме Спортски клуб;**<br>**- Континуирана вклученост на родителите во вонаставните активности**<br>**- Учениците, училиштето го доживуваат како стимулирачка и мотивирачка средина која поттикнува интерес за учење;**<br>**- Училиштето спроведува специфични вонаставни активности по кои е препознатливо во средината – Стаклена градина, проект Водно во Карпош, Карпош на Водно (истражување за загадувањето),**<br>**- Училиштето има училишен Новинарски клуб, Училишен весник** |
| **Слаби страни:**<br><br>**- Наставните програми се преобемни;**<br>**- Нема учебници за прв и втор странски јазик во одделенска и предметна настава географија и историја.** |
| **Приоритети:**<br><br>**-Поголема самоиницијативност на учениците за вклучување во вонаставни активности .**<br><br>**Подигање на нивото на свеста кај ДПП за можностите и придобивките од вклучување во општокорисна работа.**<br><br>**- Охрабрување и поддршка на учениците за поголемо учество во натпревари.** |

| **Подрачје 2: Постигања на учениците** |
|---|
| **Опис/резиме:**<br><br>Подрачјето го опишува начинот на следење на постигнувањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставните предмети и според квалификациони периоди нивната редовност ,активностите постапките кои се превземаат од страна на наставниот кадар и стручната служба за учениците кои имаат тешкотии во учењето и постапката за идентификација со надарените ученици и ученици со попреченост како и начините на работа со нив. Начините на соработката и известувањето на родителите како и примената на советувањето на родителите/старателите и учениците.Организацијата на додатната и дополнителната настава каде е застапен демократскиот однос кон учениците,размена на мислења и активна работа. |
| **Силни страни:**<br><br>-Училиштето презема конкретни активности за подобрување на постигнувањата на учениците од различен пол и етничка припадност.<br>-Наставниот кадар им дава системска помош на учениците кои заостануваaат со материјалот<br>-Наставниот кадар, стручната служба и директорот применуваат соодветни инклузивни образовни пристапи<br>-Часовите по дополнителна и додатна настава редовно се реализираат во пријатна атмосфера и меѓусебна комуникација.<br>-За 13 ученици со ПОП инклузивниот тим, стручната служба и наставниот кадар креираат можности за целосно учество, припаѓање и социјална интерекција.<br>- Училиштето има и применува интерна стратегија за идентификација на надарени ученици<br>- Училиштето има систем за следење на постигнувањата на учениците при премин од еден во друг циклус и од едно во друго ниво на образование.<br>- Учениците се задоволни од стручната подготвеност на наставниците<br>- Наставниците влијаат на подобрување на поведението на учениците<br>- Наставниците се достапни за соработка со родителите<br>- Наставниците применуваат современи техники и соодветни методи при реализација на наставата учење ,ИКТ и нови образовни технологии.<br>-Училиштето води евиденција за индивидуалниот напредок на учениците и прави анализа на напредокот по паралелки<br>-Личните постигнувања на учениците се промовираат преку истакнување на училишното радио, училишната веб и фб-страна и училиштниот весник.<br>- Училиштето има веб страна на која се објавуваат сите потребни информации поврзани со работата на училиштето |
| **Слаби страни:**<br><br>-И покрај преземените стратегии за подобрување на постигањата на учениците со континуиран слаб успех, нема видливи резултати. |
| **Приоритети:**<br><br>-Примена на нови ефективни стратегии и техники за подигање на ниво на мотивација кај учениците со континуиран слаб |

| |
|---|
| успех.<br><br>- Индивидуална и групна работа на стручната служба со надарените ученици. |

| **Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето** |
|---|
| **Опис/резиме:**<br><br>-Во ова подрачје е опфатен еден од најважните фактори во реализација на воспитно- образовниот процес, каде се става посебен акцент на градење позитивен однос и атмосфера во училишните клупи, училишниот двор, како и за време на одржување на било која едукативна содржина од страна на наставниот кадар, надворешни соработници, претставници од општината или пак родителите. |
| **Силни страни:**<br><br>- Позитивен ефект од превземената мерка, отстранување на мобилни телефони на учениците за време на реализација на наставата.<br><br>-Училиштето им дава еднакви можности и услови на сите субјекти во образовниот процес за активно да се вклучат и меѓусебно да соработуваат.<br><br>-Учениците не се дискриминирани во училиште врз основа на нивниот пол, етничка и религиска припадност.<br><br>-Учениците имаат доверба во наставниот кадар и педагошката служба во случај на потреба од помош за врсничко насилство или некоја друга потреба.<br><br>- Учениците се чувствуваат сигурно, безбедно и прифатено од соучениците и наставниците. Запознаени се со последиците доколку не ги почитуваат правилата во училиштето и директно се вклучени во процесот на решавање конфликти и спречување на насилство.<br><br>- Работната атмосфера како и добрата соработка меѓу стручната служба, наставниците и другите вработени во училиштето овозможуваат позитивна клима во училиштето.<br><br>- Афирмација на училиштето преку активностите на наставниците, учениците и родителите.<br><br>-Активен  училишен Клуб  за ментално здравје |
| **Слаби страни:**<br><br>- Нередовно доаѓање на  родителите на родителски средби, приемни денови и приемни часови. |

- недоволно стекнати вештини за справување со сопствените емоции и чувства

**Приоритети:**

-Креирање постапки за справување со предизвиците поврзани со чувствата и емоциите на учениците.

-Поголема мотивација на родителите за редовно доаѓање на родителски средби, приемни денови и приемни часови.

**Подрачје 4: Управување и раководење**

**Опис/резиме:**

Подрачјето го опфаќа начинот на раководење и управување со улилиштето, раководењето со кадарот, управувањето со училишниот буџет како и следењето и управувањето на наставниот процес.

**Силни страни:**

**Силни страни**

- Во креирање/реализирање на училишните активности, активно се вклучени родителите преку **Советот** на **родители**
-- Давање подршка во аплицирање за грантови и добиени два гранта од МОН за спроведување на МИО активности **-60.000 денари**
Успешна соработка со членовите на УО
Стабилна фонансиска состојба-ликвиден и солвентен буџет
Афирмирање на **мултикултуралноста** како дел од политиката на училиштето
-Опремен кабинет за информатика
- целосно опремени училниците за реализација на настава од прво до петто одд и кабинетите по биологија,физика ,математика и хемиска лабараторија.
-училиштето располага со доволен број на нагледни средства
- високо ниво на поддршка на наставниците за нивни професионален развој
- збогатена училишна библиотека со лектирни изданија
- Успешно реализација на програмата за “ Позитивно родителство за деца од 6- 10 години“,наменета за родители
-Редовна соработка со родители ,локалната заедница

**Слаби страни:**

-Недостаток на простор за физичко и здравствено образование – *(делот за просторни капацитети)*

-Нецелосно опременост со ИКТ опрема на кабинетите во предметна настава

**Приоритети:**

-Набавка на ИКТ опрема во шест кабинети

-Влучување/партиципирање на поголем број на  ученици во  оплеменување на дел од дворната површина со тоа што секое одделение би си имало своја парцела, сè со цел развивање на општествена одговорност за грижа кон нештата што не припаѓаат во лична сопственост како дел од политиката на училиштето.

**Предлог-мерки за подобрување на квалитетот на работата на училиштето**

- **Конкретизирање на форми и стратегии за поголема посетеност на  училишните  отворени денови и примени часови.**
- **Градење на праведна и сочувствителна соработка на учениците, наставниците и родителите кои ја споделуваат заедничката одговорност за успех и градат клима на соработка , а не на натпревар.**
- **Истакнување на вредностите и  емоционална ориентација преку социјална интереакција на сите чинители за демократаска училишна и наставна култура.**
- **Примена на различни видови на комуникација во насока на  разбирањето дека се моќно средство во учењето.**

Комисија за спроведување на СЕУ:

1. Андријана Илиевска – дефектолог ____________________________
2. Ванчо Љатковски – библиотекар______________________________
3. Дивна Карапанчева – предметен наставник____________________
4. Сузана Аспровска – одделенски наставник____________________
5. Јасна Станковиќ – родител___________________________________